СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Дел.бр.200

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од петтото продолжение на Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 октомври 1992 година

**Скопје,октомври 1992 година**

СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ

од Петтото продолжение на 41-та седница на

Собранието на Република Македонија,одржана на

28 октомври 1992 година


1. АНДОВ СТОЈАН -2,10(Закон за лична карта.т.7),20,"",36,41,44

2. АЛИУ *ХАМИД.* -57

3. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД -70

4. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР -2

5. ДИМОВСКА ДОСТА -40

6. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН -50

7. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ -33

8. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ -63

9. МАНЕВ ЕФТИМ -54

10. МУРАТИ ЏЕЛАДИН -65

11. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН -71

12. ПАНОВСКИ МИХАИЛ -23,30

13. ПЕТКОВСКИ ТИТО-65

14. ПЕТРОВ ТОДОР -6,8,11,12,13,15,31,34,,37,39,43,44,45

15. ПОПОВСКИ КИРО-78,79

16. ПРЕВАЛА ШАБАН -24

17. РАМАДАНИ ИСМЕТ-41,43,46,47

18. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ -82

19. СЕЛМАНИ НЕИМ -29,30,31,32

20. СТОЈКОВ СТОИЛЕ -1,22,76,77

21. ТАИРИ ЏЕЛИЛ -53

22. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР-3,7,8,14

23. ХАЛИТИ АБДУРАХМАН -47,49

24. ХАЛИЛИ МУХАМЕД-19,20,21,35,38

25. ЏЕМАИЛИ ВЕБИ-33,34,39,40

26. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ-38

27. ЏАФЕРИ НЕЏАДИН-51

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
ОД ПЕТТОТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА ЧЕТИРИЕСЕТ И ПРВАТА СЕДНИЦА
НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА
28 ОКТОМВРИ 1992 ГОДИНА

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1 со почеток во 13,45 часот.

Со седницата продолжи да раководи господинот Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Панче Насев, Симеон Наумовски, Симеон Иванов, Љубисав Иванов, Душко Горчевски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на ...

Господинот Стојков бара збор.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, пред да поминеме на следната точка на дневниот ред би замолил некој да ми објасни, јас за оваа седница бев повикан и беше закажана оваа седница за 11 часот, меѓутоа, јас не сум известен, лично јас сакам, незнам дали граѓаните на Републиката се известени зошто оваа седница почна со задоцнување од три часа т.е. 14 часот.

Молам ако може да ми се објасни.

I/2.- НН-ВБ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Преку Службата за информирање информирана е и јавноста и пратениците дека добив писмо од координаторот на Пратеничката група ПДП со молба да се помери почнувањето за 13 часот, а како што знаете таквите барања на пратеничките групи за паузи или померување на почетокот на седницата секогаш сме ги уважувале.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Како пратеник во Собранието на Република Македонија сметам дека имам морално право бидејќи претставувам еден дел од избирачкото тело да реагирам на несоодветниот однос на средствата за јавно информирање во текот на вчерашната седница. Сметам дека...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, барајте тоа да биде на дневен ред, тоа не можете од говорницата. Правете конференција за печат...

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Добро. И во однос на вчерашната седница, на завршетокот бидејќи сметам со Деловникот претседателот на Собранието нема право надвор од концептот на седницата да дава коментари и да навредува пратеници, а бидејќи не ни беше дозволено да се одбраниме во текот на вчерашниот ден денес реагирам на таквото непримерно однесување и очекувам дека е културна обврска на претседателот на Собранието да се извини генерално на пратениците на Македонскиот парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Најблаго што морав да кажам тоа беше синоќа што го реков бидејќи овде беа речени тешки работи кои не доликуваат на Парламент, демократски, плуралистички и затоа морав на тој начин да реагирам.

Да објаснам на јавноста дека тоа е сепак патемна појава, а сепак концентрацијата е да донесеме еден добар закон.

(Реагирање на пратеникот Голубовски од место тоа е во прилог на демократијата )

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, тоа вие настапувате во туѓи интереси. Значи, се виде во чиј интерес настапувате. Сега седете си , ќе си добиете вие збор кога ќе биде на дневен ред некоја од тие работи.

(Реагирање на пратеникот Голубовски од место - тоа вие го злоупотребувате Деловникот)

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Предлагам прво да ја разгледаме третата точка на дневен ред Законот за патните исправи, а потоа Законот за лична карта затоа што мислам дека има помал број на амандмани и може побрзо да одиме на тој начин. Тоа е предлог од Владата.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Се прифаќа ли предлогот на министерот? (Се прифаќа)

Значи минуваме на Предлогот на законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија.

Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за внатрешни работи, внатрешна политика и општонародна одбрана и Комисијата за контрола над работата на СДБ, како и ЗПК ви се доставени односно поделени.

I /4.-

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на членовите 47 и 48 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 42 став 1 и на член 48, член 49 став 1 и 3 и за додавање нов став 4 член 51, член 52 и на член 53 став 1 и 2.

Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана поднесе амандмани на член 46 став 1 и член 49 за додавање на став 4 а пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 3 став 2, член 4 член 10 став 1 член 18 и за пренумерација на членовите 44,45 и 46 со кој се согласил претставникот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Иван Иванов поднесе амандман на член 11 и истиот го повлече.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 35 за додавање нов член 36 став 1, член 46 за додавање нов член 47 став 1 точка 1 и 2 и за додавање нов став 2 на член 49 став 3 член 52 и на член 53 став 1 и на седницата на ЗПК истите ги повлече.

Пратеничката група на ПДП поднесе амандман на член 28

Пратеникот Џеладин Мурати на член 53 став 2, пратеникот Ешреф Алиу поднесе амандман на член 2 6 за додавање нов став а пратеничката група на ПДП НДП поднесе амандман на член 28 со кои не се согласи претставникот на предлагачот.

I /5.-

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 32 за додавање нов став и на член 44 став 1 за додавање нова точка 3-а со кои не се согалсил претставникот на предлагачот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 за додавање нов став поднесен од пратеникот Ешреф Алиу.

Претставникот на предлагачот не се согласил и овој амандман Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана не го поддржа.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 26 за додавање нов став поднесен од пратеникот Ешреф Алиу.

Отворам претрес по амандманот на член 28 поднесен од пратеничката група ПДП.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 28 поднесен од пратеничката група на ПДП.

Отворам претрес по амандманот на член 28 поднесен од пратеничката група на ПДП-НДП.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој).

I /6.-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 28 поднесен од пратеничката група на ПДП-НДП.

Отворам претрес по амандманот на член 32 за додавање нов став поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ**

Во членот 32 од Предлогот на законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија кои што го регулира постапката за поднесување барање за идзавање пасош или патен лист при што се наведува дека се приложуваат и две фотографии со пропишана големина од кое може да се утврди идентитетот на лицето на кое му се издава пасошот, односно патниот лист предлагам да се додаде после овој став нов став кој што ќе гласи: “Фотографирањето за патна исправа е еднообразно и се врши стандардизирано преку таканаречената Франкфуртска хоризонтала што обезбедува физиолошка положба на главата, морфолошки идентитет на лицето и униформност'.'

Замолен од група на научни работници, меѓу кои и д-р Даштевски м-р Димитров, асистент Кљусев, д-р Богдановски, д-р Арнаудовски, д-р Трojачанец и д-р Дума да поднесам амандман на овој текст на Законот го предложив овој амандман со барање за утврдување типизиран начин на еднообразно фотографирање за документите за патна исправа, покасно и за лична карта кога ќе го расправаме тој закон и тоа со образложение кое што го даваат овие научници.

Според нив фотографијата како средство за репродукција иако датира од 1824 година се извршени соодветни проучувања од обласа на фотографирањето и на светскиот конгрес во Франкфурт 1884 година на Антрополошкиот светски конгрес договорено е за воспоставување таканаречена Франкфрутска хоризонтала која што овозможува еднообразност во

фотографирањето обезбедува физиолошка положба на главата, морфолошки идентитет на лицето и униформност.

Имајќи во предвид дека ваквото фотографирање е потребно заради потребите на криминалистиката, за потребите на Министерството за внатрешни работи сметам дека начинот на фотографирањето треба да биде образложен и утврден со закон и затоа барам согласно барањето на овие научни работници начинот на фотографирањето предложен во форма на амандман да биде утврден како нов став во членот 32.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифати од следните причини.

Проектот на уедначено фотографирање за пасош и за лични карти се води веќе во Министерството за внатрешни работи веќе неколку години и Одлуката е тоа да се регулира со подзаконски акт, а не во законот за патни исправи и Законот за лични карти дотолку повеќе што има и некои други технички проблеми околу неговото изведување. Според тоа тој проект веќе се води, ќе биде регулиран начинот на фотографирањето со подзаконски акт.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (16)

Шестнаесет пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 32 за додавање нов став поднесен од пратеникот Тодор Петров.

I /8.-

Отворам претрес по амандманот начлен 44 став 1 поднесен од рпатеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ**

Со амандманот после точката 3 став 1 од членот 44 пред-лагам да се додаде нова точка, и тоа во онаа одредба од Предлогот на законот во која што се утврдуваат овластувањата на министерот за внатрешни работи да ги донесува соодветните подзаконски прописи кои произлегуваат од текстот на содржината на Предлогот на законот за патни исправи на државјаните на Република Македонија. Точката 3 да гласи "Покрај обрасците што за подзаконските прописи за образецот за пасошот, за барањето за издавањето пасош, за на-чинот на издавање и продолжување на рокот за важење на пасош", во смисла на она што министерот го кажа во своето излагање по претходниот амандман да се додаде нова точка "Да со подзаконски акт министерот го утврди начинот на фотографирањето за патна исправа и овластените лица кои тоа можат да го вршат".

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Во овој амандман постојат две нивоа. Едното ниво е пропишување на подзаконски акт, односно образец со кој се дефинира начинот на фотографирањето. Тој дел од амандманот е прифатлив за Владата, но не и вториот дел во кој се дефинира дека министерот ги дефинира овластените лица кои тоа го прават. За тој дел од амандманот ние не се согласуваме бидејќи начинот на кој ќе се врши фотографирањето сега не сме спремни да го дефинираме на таков начин.

I /9.-

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Со оглед на тоа констатирам дека делот од амандманот за начинот на фотографирањето за патна исправа е прифатен од министерот за внатрешни работи и станува составен дел на законот, а останатите зборови до крајот на реченицата ги повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, немаме расправа по амандманот и нема дејство и досегашната расправа по овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на членот 33 став 2 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Еден).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (74).

74 пратеници гласаа за.

,.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија.

II /1 РД/СЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на точката  7- Предлог на закон за личната карта.

Предлогот на овој закон, извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Комисијата за контрола на работата на Службата за државна безбедност и Законодавно-правната комисија Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој) .

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 5, став 2 и на член 15 став 1 и 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на своите амандмани на член 5 став 2 и на член 1 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров, поднесе амандман на член 7 став 1 со кој се согласила Владата и кој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 4 став 2, член 15 став 1 и 2 и член 17 за додавање нов став 1 и нов став 2. А, на седницата на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана ги повлече.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 4 став 3 за додавање на нов став 4 , член 5 за додавање на нов став.3.

Пратениците Мухамед Халили и Хамид Алиу поднесоа амандман на член 5 за додавање на нов став 2, а Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 1 став 1 со кој Владата не се согласила.

Пратеникот Тодор Петров, пратеникот Владимир Голубовски, Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Пратеничката група на “Илинден” слободна демократија, поднесоа амандмани на член 5 став 2 со кој не се согласила Владата.

Пратеникот Тодор Петров, поднесе амандман на член 16 став 1 за додавање нов став 2, а пратеникот Исмет Рамадани поднесе амандман на член 5 став 2.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам нека крене рака? (1 пратеник).

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, дали некој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Амандманот е од редакциска природа и сакам само во оваа прилика да кажам дека во првата расправа, во првиот текст на Предлог законот за лична карта, што го имавме добиено во постапка, претставникот на Владата и надлежните работни тела, кога го разгледуваа

амандманот го прифатија и стана составен дел на Законот. Во новиот текст што Владата ни го достави повлекувајќи го стариот , повторно тој амандман не е прифатен. Сметам дека е од редакциска природа, ја зацврстува позицијата на самата одредба која што е кажана, заради тоа што лицата родени во странство, како што е регулирано , потребно е да поднесат и извод од матична книга на родените, тоа за нив не претставува исклучок, туку претставува правило за добивање на лична карта, и према тоа не треба да се употреба зборовите:”по исклучок лицата родени во странство должни се да поднесат извод од матична книга на родените”, туку потребно е да стои “само лицата родени во странство”.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата се согласува на амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 за додавање на нов став 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Со оглед на тоа што се работи за истата формулација, за начинот на фотографирање, односно утврдување франкфортска хоризонтала која што на претходниот закон не беше прифатена, а овој амандман 2 го повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот Исмет Рамадани поднесе амандман на член 5 став 2 за кој Владата смета дека е инкорпориран во амандманот на Владата.

Бидејќи пратеникот Исмет Рамадани не е тука да си го повлече амандманот, отворам претрес по амандманот.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

На членот 5 став 2 зборовите:"со кирилско писмо, а имињата на припадниците на националностите се запишуваат и според јазикот и писмото на националностите", предлагам да се заменат со зборовите: "и печат", односно амандманот кој што го предложи Владата на 15 октомври 1992 год., на основното решение понудено на Предлогот на закон за лична карта, доставен од Владата на 7 октомври 1992 год, предлагам да си остане во иста форма. Тоа значи членот 5 да гласи: "Во образецот на личната карта се запишуваат следните податоци: општина во која личната карта се издава, име и презиме на граѓанинот, ден , месец и година на раѓање, место, општина и држава на раѓање, живеалиште и адреса на станот , единствен матичен број на граѓанинот, датумот на издавање на личната карта, регистарски број, рок на важење на личната карта, потпис на овластеното лице на органот што ја издал личната карта и печат."

II /5

Сметам дека предложената формулација од Владата со амандманот од 16 октомври 1992 година, да се измени основното решение на ставот 2, е неприфатливо и за мене е спротивно со член 7 став 1 од Уставот, а амандманот на Владата предлага покрај името на личната карта на македонски јазик и неговото кирилско писмо, имињата на припадниците на националностите да се запишуваат и според јазикот и писмото на националностите. Оваа формулација за мене е неприфатлива, заради тоа што инаоборира по мене паралелна службена употреба на јазик на националностите на целата територија на Република Македонија и воопшто не може да се подведе под правата на припадниците на националностите за изразување на нивниот идентитет. Затоа сметам дека ваквата формулација не треба да се прифати што е предложена со амандманот на Владата од 16 октомври, што стана составен дел на законот, односно треба да се прифати и претходно предложената формулација на членот 5 став 2, во предлогот на законот за личната карта од 7 октомври. Фактички амандманот ја воспоставува формулацијата на членот 5, став 2 од првобитното решение на Предлогот на законот.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата смета дека предложениот нејзин амандман кој што стана составен дел на Законот не е неуставен. Во разбирањето на Уставот јасно е само едно,промоција на друг јазик за официјален јазик на територија на Република Македонија може да се случи само во еден случај во Законот за кој станува збор. Имено, не уставно би било само пишувањето на личната карта, сите нејзини податоци во личната карта на два или три јазика на целата територија на Република Македонија. Само тоа е неуставно. Доколку се пишува некој дел од личната карта, како што е името во овој случај на цела

територија на Република Македонија или во дел од територијата на Република Македонија, или доколку личната карта е целосно двојазична на само дел на територија на Република Македонија, тоа се решенија кои се во рамките на уставното решение, не се неуставни. Да не ви наведувам примери каде што личната карта во поголем дел земји служи и како патна исправа за странство, каде што некои од податоците се пишуваат двојазично или тројазично. Веројатно и ние ќе бидеме во таква прилика во иднина, веројатно ќе имаме и други делови од личната карта кои ги преведуваме на странски јазици заради нејзината функција. Оттаму сметаме дека решението е во потполност во согласност со Уставот, а исто така сметаме дека личната карта, како документ низ кој се искажува и идентитетот на лицата, бидејќи функционира пред се во внатрешниот промет во Републиката, треба да ги содржи, според наше мислење и овие ознаки на идентитетот на граѓаните во Република Македонија. Оттаму ние сметаме дека амандманот кој е предложен треба да не се прифати, односно да остане основното решение во Законот за лична карта кој го предлага Владата.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас мислам дека министерот за внатрешни работи кога го даде следното образложение за неприфаќање на предложениот амандман барем ќе почувствуваше некаква грижа на совеста, ако ништо друго заради тоа што е научен работник, а во ова исто Собрание како министер за внатрешни работи на претходната Влада ни нудеше некакви поинакви решенија, со подруга содржина.

За мене Законот за личната карта е сврзан со Законот за личното име и Законот за матичната евиденција кои не сме ги донеле. Меѓутоа, кога оваа иста година од месец јануари почнавме да расправаме за Предлогот на законот за изменување и дополнување на законот за личното име, добивме амандмани од пратеничката група на ПДП-НДП кои бараа да се запишува личното име и текстот на личната карта на јазиците на националностите кои живеат во Републиката. Во тоа време добивме таков еден текст, Предлог на закон во кој што Владата, чии што претставник е исто така господинот Фрчковски ги даде следните образложенија зошто не треба да се прифати двојазичноста на личната карта. Јас ќе ги цитирам одделни пасуси од образложението на Предлогот за донесување на законот за личното име кое во корелација со Законот за личната карта, а што истиот министер за внатрешни работи, како претставник на таа поранешна Влада, требаше да ги брани и ги бранеше во ова Собрание.

Туѓите имиња, странските, имињата на националностите во матичните книги се запишуваат со кирилско писмо, онака како што се изговараат. При тоа одредени гласовни особености од другите јазици се прилагодуваат колку што е можно кон македонскиот јазик, т.е. гласовите што ги нема во македонскиот јазик се запишуваат со слични гласови.

Ваквиот начин на пишување на личните имиња е предвиден и во правописот на македонскиот литературен јазик. Има наведено повеќе примери на странски јазик со запишување на македонски јазик и кирилско писмо.

II /8

Начинот на запишувањето на личното име, како еден од податоците што се запишуваат во матичните книги, начинот на издавањето на изводи од нив, како и обрасци на матичните книги, се предмет на регулирање во упатство за водење на матични книги и упатството за издавање изводи од матичните книги наменети за странство.

Во второто упатство, т.е. за упатството за издавање изводи од матични книги наменети за странство е регулирано дека изводите од матичните книги се пишуваат со латиница, меѓутоа исклучиво кога овие изводи се користат во странство. Тоа се посебни меѓународни обрасци на кои податоците за граѓанинот се напишани на пет светски јазици.

Матичната книга на родените е основна евиденција за личната состојба на граѓаните, врз основа на која се устројуваат сите други евиденции.

Со запишувањето на раѓањето на едно лице во матичната книга на родените, тоа лице добива извод од матичната книга на родените и врз основа на него се запишува во здравствена, школска, воена евиденција, катастар, добива лична карта, патна исправа и слично. Тоа значи дека ова лице во сите јавни исправи треба да биде запишано со личното име кое е запишано во матичната книга на родените.

Од наведеното цениме дека предложениот амандман во тоа време на овој закон во месец јануари оваа година, на Пратеничката група на ПДП-НДП во смисла дека во личните исправи имињата треба да се запишуваат во оргинална форма, што значи на албански, а во заграда да се напише нивниот препис адекватно на македонскиот јазик,

не може да се прифати од горе наведените причини, а во прилог за неприфаќање на предложените амандмани е и фактот што матичарите ќе биде потребно покрај македонскиот јазик да ги познаваат албанскиот, турскиот и другите јазици, како би можеле правилно да ги запишуваат тие лични имиња, според правописот на тие јазици. А доколку се прифати за сите туѓи имиња, тогаш ќе треба да ги познаваат и останатите странски јазици, бидејќи годишно во Република Македонија се склучуваат околу 100 бракови во кои едниот или обата брачни другари се странци. Кинез, Монголец, Јорданец, Грк итн.

Во контекстот на реченото исто така е неприфатливо и било какво дополнување на член 2, со формулација дека покрај запишување на личното име во изворна форма со кирилско писмо е потребно и запишување во изворна форма на јазикот и писмото на носителот на името, од причините наведени претходно во образложението.

Овој закон кој што го добивме во собраниска процедура на 31 јануари оваа година претставник од Владата беше д-р Љубомир Фрчковски, член на Владата и министер за внатрешни работи. Тогаш претставникот на Владата пред овој Парламент излезе со вакво образложение и ја бранеше уставноста, односно неуставноста на предложените барања за запишување на личните имиња на припадниците на националностите, на личните документи во матичната евиденција, врз основа на Уставот чии што повторно креатор беше од таа работна експертска група министерот за внатрешни работи. Затоа сметам дека е сосема несериозно од сегашниот и претходниот ист министер за внатрешни работи во едно време со една аргументација, по основ на ист Устав, едно да го убедува овој Парламент, а во друго време, заради дневно политички потреби и поинаков соодност на силите во Републиката и Парламентот, да го убедува Парламентот со поинакви формулации и одреди за регулирање на ова прашање.

Затоа сметам дека би требало да се прифати предложеното решение , пред се заради тоа што би се предизвикале непотребните и усложени состојби во практиката, односно примената на решенија кои што ги предлага Владата. Од оваа причина предлагам Парламентот да го усвои предложениот амандман.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници јас прво имам една сериозна процедурална забелешка и тоа сакам сега да го соопштам пред целата јавност.

Денес во својство, или во улога на координатор на пратеничка група пратив писмо до претседателот на Собранието и го замолив продолжението на 41-та седница се одложи до 13,00 часот, поради заземање став на Пратеничката група, околу нашето учество за точката Закон за лична карта.

Службата за јавно информирање достави до пратениците информација за едно такво наше барање и службениците некои кои се тука присутни не известиле дека седницата ќе продолжи во 13,30 часот.

Со оглед на фактот дека на тие известители им дадовме до знаење дека ќе дојдеме и ќе го соопштиме нашиот став во врска со нашето учество , или неучество на 41-та седница, имам впечаток дека тоа наше известување или не е пренесено , или пак е пренесено или не е почитувано. Таквата пракса на однос на претседател на Собранието кон пратеничките групи досега е неприметена и невидлива. Ние досега сме имале многу пати такви случаи кога пратенички групи барале консултации внатре во Парламентарната група и ним им е удоволено.

III /1/ПЈ/ОМ

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Со оглед на тоа дека таквото наше барање беше прифатено од страна на пратениците , мислам дека ќе беше во ред претседателот на Собранието да чека и известување од наша страна, не цел ден, ако треба четири недели и тоа ти кажувам од место, немој да ми префрлиш.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам,тишина.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Јас му ставам до знаење на претседателот на Собранието дека во иднина неможе да има таков однос кон нашата пратеничка група. Тоа е сериозна забелешка. Па потоа сакам да не извести до каде е стигнато со законот за лична карта.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа, пратеници. Точно е тоа дека утрово дојде новиот координатор на пратеничката група ПДП господинот Мухамед Халили кај мене и ми побара, бидејки уште не се дојддени сите нивни пратеници и нема да дојдат до 12 часот, па тогаш тој закажал состанок на пратеничката група, ми побара да ја одложиме за извесно време седницата , како би тие, откога ќе заземат став да го одредат односот спрема продолжувањето на седницата. Јас го замолив тоа да ми го напише и да ми напише до кога да ја одложам седницата. Еве го писмото (го покажува) во кое пишува и вам ви е испратено дека седницата, тие бараат, да биде одложена до 13 часот. Во 13,15 часот, 15 минути мислам дека е нормално задоцнување кај нас, го замолив замeникот на секретарот на Собранието да појде

до пратеничката група  и да праша дали им треба уште време и колку им треба точно време. Заменикот на секретарот ми пренесе дека му е речено дека тие после 10 до 15 минути ќе не известат што решиле. Дека е тоа став нивни, тука е човекот, врз таа основа јас наредив во 13,30, после 15 минути да се звони за почеток на седницата, а во 13,40 ние почнавме со седницата. Почнавме, затоа што така порачаа. Дотогаш ако имаа нешто, ќе кажеа. Тоа е начинот како докрај се однесувам спрема секоја парламентарна група и нивните брања во однос на прекини на седниците, во однос на барање на паузи за седницата, во одлагање на седниците итн. Заради тоа мислам дека приговорот на гоподинот Халили неможам да го прифатам, иако сакам да ве убедам премногу настојувам и постојано настојувам кон секоја пратеничка група крајно внимателно да се однесувам, заради тоа што мислам дека на пратеничките групи навистина им е потребно да обават консултации кога бараат консултации , кога тие си процениле дека тоа им е потребно. Поради тоа ќе продолжиме како и досега, а молам вакви приговори без  основа да не се даваат.

Сега во расправа ние односно водиме претрес по амандманот на господинот Тодор Петров, член 5, став 2.

Господинот Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Да не беа телевизиските преноси тогаш јавноста ќе веруваше дека ете не ја кажуваме вистината. Меѓутоа, вистина е дека Вие во својство на претседател на Собранието илјада пати до сега сте рекле дека после паузата седницата ќе продолжи во 14 часот, а Вие сте продолжиле во 18 часот со образложение дека пратеничките групи сеуште се консултираат или работните тела се уште работат. Според тоа, Вашето образложение е неумесно.

III /3

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Халили несакам да се објаснуваме овде, ако работат работните тела јас морам да продолжам со паузата, бидејки не ја завршиле постапката. А друго, последен пат за пратенички групи без да ме информираат така што сум продолжувал беше обидот да држиме седница во минатиот вторник токму на оваа 41-ва седница кога до вечерта до 6 часот не ни соопштивте од вашата група дека нема да дојдете или оти ќе дојдете. Владее нервоза кај другите пратеници, неаздоволство и во јавноста и затоа ние сакаме, а и јас затоа ви барав да напишете. Тоа ќе го барам од сите. Да се разбереме, мора да има некој ред, инаку не бива.

Господинот Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас би Ве замолил да продолжиме со работа и да не подлегнуваме повеќе на никакви уцени. Можеби некој ќе ми замери, мегутоа, мислам дека господинот претседател многу на добар начин објасни, ќе ми замери некој дека го бранам или не го бранам, меѓутоа тоа е процедурата. И јас исто така кога почна оваа седница побарав објаснување и бев задоволен од објаснувањето на господинот претседател.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господа, ве молам да продолжиме. На пратеничката група пратениците на ПДП-НДП кои влегоа накнадно им соопштувам дека е во тек претрес по амандманот на член 5, став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров. Вие дел од излагањето на господинот

Тодор Петров во втор наврат го чувте. Прво, тој зборуваше, па господинот министер Фрчковски, па пак Тодор Петров, вие само делумно го чувте.

Продолжуваме со расправа.

Господин Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Пред да почнам да си го кажам своето мислење во врска со амандманот, со член 5, став 2 чии што предлагач сум јас односно јас сум еден од предлагачите, сакам да им се заблагодарам на предходните дискутанти за добрата режија на сите што беа досега пред тоа, Сакам само малку да го прашам министерот за внатрешни работи, дали имаат согледувања околу тоа што ќе значи доколку се усвои Законот вака како што се предлага, решението во член 5, став 2 со оглед на тоа што тоа денес сигурно ќе значи многу нови вработувања во сите општини, во сите тие матични уреди. Дали ние како Македонија сме толку богата држава за да вработиме толку многу нови луѓе, бидејќи ако не вработиме нови луге, тогаш овие постоечките треба да ги знаат сите јазици што се во Македонија од сите нацио-налности. Кои се тие луѓе што ги знаат јазиците на сите национал-ности во Македонија. По мене ќе дојдеме во ситуација во сите матични уреди, матичарите да бидат луѓе од немакедонска националност. Барем јас такви согледувања имам. Би сакал господинот министер да се произнесе по овие мои кажувања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Шабан Превала бараше збор.

III /5

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници и гости, уште на почетокот морам да нагласам дека седниците на Собранието јас ги сваќам како место за договор за да решаваме проблеми или пак да трасираме патишта за изнаоѓање на решенија во врска со проблемите со кои се соочуваме. Во случајов станува збор за заокружување на државноста на Македонија. Веќе вчера, на жалост, во наше отсуство се донесе Законот за државјанство тука се и другите закони кои што на некој начин ќе треба да ја докомплетираат така да кажам даата на законите што треба оваа материја да ја регулираат. Ние денес еве да кажам така како пратеници на коалицијата ПДП-НДП расправаме по закони кои што директно извираат и од Уставот. За да нема дилеми околу тоа зошто се пратениците од оваа коалиција расправаат за закони што произлегуваат од Уставот, Уставот кој што не го изгласаа, морам да кажам дека сите ние, мислам од сите парламентарни групи дадовме свој творечки придонес во оформувањето на уставните одредби, независно од тоа што на крајот пратениците од оваа група се воздржаа, сепак останува почитувањето на одредбите на овој Устав, па оттука и нашето залагање творечки да се ангажираме и во донесувањето на законите што произлегуваат, што базираат на тој Устав.

Еден од таквите закони секако е и Законот за личната карта. Еден од системските закони кои што ќе треба да значи на дополнување на сликата за државноста на Македонија. Ние, јас мислам кога расправаме за правата на сите граѓани од сите националности мислам дека не треба да појдеме од она што нажалост, често некои недоволно упатени сакаат да направат некоја диференцијација меѓу граѓаните од Македонија, со оглед на ахтохтоноста, должината на

живеењето на овие простори и тн. Јас мислам дека сите ние македонците, албанците, турците, ромите, власите и другите , мислам почнувајки од нашите претци мислам дека долго време живееме на овие простори и мислам дека не ни треба уште илјада години, па да се израмниме, да не речеме дека некој е дојденец, некој е домородец и тн. Мислам дека сме доволно цивилизирани да заклучиме дека сите ние што среќата да кажам така, не би смеел, несреќата ни овозможила да бидеме на овие простори, да делиме добро и зло, мислам дека треба да размислиме како граѓани и низ напорите секој да придонесе не само за себе афирмација, туку и афирмација на другиот и обратно и мислам дека на таков начин можеме да придонесеме за јакнење на довербата меѓу нас, што е многу потребна, особено во овие бурни времиња. Лесно ни е да се надмудруваме, да кажеме малцинските права се овие, малцин-ските права се оние, меѓутоа, мислам дека корист од тоа не би имале многу, напротив би имале штета. Сега да не должам многу би рекол дека кога се расправа за Законот за личната карта, би рекол и за другите закони, можеби сега ние расправаме за еден парцијален дел од остварувањето на правото на употреба на јазиците на националностите меѓутоа, еве текот на околностите на- ложува да расправаме токму така. Инаку, најдобро ќе беше досега да беше донесен законот за употреба на јазиците на националностите, што би рекол посеопфатно ќе ја регулираше оваа материја, а законот за личната карта, законот за личното име да се надоврзува за тоа и така на некој начин да се создаваше едно комплетно решение за оваа би рекол комплексна проблематика од областа остварувањето на правата на националнсотите како рамноправни граѓани на Македонија.

Конечно да кажам во врска со ова што сега како амандман се упатува од мојот уважен колега Тодор Петров против она

што се предлага од Владата , мислам дека не држи. Недржи од проста причина што мислам дека досега доста работи се искристализирааво доменот на остварувањето на правата на националностите, па не би можел да биде прифатлив амандманот на мојот колега Тодор Петров, а би се залагал за тоа да се размисли и да се подржат амандманите упатени од моите колеги од парламентарната група ПДП-НДП, а и амандманот на Владата на Македонија кон овој закон што е составен дел на законот во случајов.

Меѓутоа, би сакал да потсетам дека кога се читаат Уставните одредби што на некој начин претставуваат фундамент на законите што ја регулираат оваа материја мислам дека треба тие да се читаат или разгледуваат во корелација односно би требало творечки да се читаат и творечки да се применуваат. Морам да кажам дека не сум правник, меѓутоа, сакам да придонесам во овој домен, па неодамна и преку Нова Македонија се јавив со еден напис што сметам дека значеше скромен придонес или најава на она што треба ние денес конечно да одлучиме во врска со некој специфични прашања односно конкретно за законите што задираат во остварувањето на правата на националностите. Да потсетам, тогаш членот 7 на Уставот го поврзав со член 48. Не случајно. Во член 7 знаете дека, во ставот 2 и 3 е речено дека јазиците на националностите во единиците на локалната самоуправа каде што националностие се во мнозинство или особено во значителен број дека тие имаат, дека и јазиците на националностие важат како службени. Меѓутоа таму е речено, но како што е регулирано со Законот. На жалост, јас реков дека тој Закон што би го регулирал конкретно прашањето на употребата на јазиците на националностие не е донесен па сега ние мораме парцијално да расправаме. Меѓутоа, јас мислам дека и во ставовите 2 и 3 на членот 7 има решение, има основ мислам за да мериторно ние решаваме и го

прифатиме законот за личната карта како што е предложен од Владата. Постои причина што независно од тоа личната карта како личен документ ќе важи на целата територија на Македонија тој сепак се издава на местото на живеењето, на пребивалиштето на граганите од националностите. Мислам дека тоа е едниот основ. Вториот основ мислам дека треба да се има предвид членот 48 на Уставот каде што дословно се вели "припадниците на националностие имаат право слободно да ги изразуваат, негуваат својот идентитет и национални особености". А бидејки личната карта е документ што го изразува идентитетот на личноста, идентитетот мислам како физичкиот изглед, бојата на кожата, косата итн. истовремено, со него треба да се тврди односно потврди и националниот идентитет, мислам дека со право и понатаму во ставот 2 на овој член се вели " Републиката ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на националностите".

Конечно, баш во овој член се истакнувало дека заради изразување, негување и развивање на својот идентитет припадниците на националностите имаат право да основаат културни и уметнички институции, научни и други здруженија. Тоа за нас во овој момент во овој контекст е битно да подвлечеме дека Републиката ја гаран-тира заштитата на јазичниот идентитет на националностите. Мислам дека на ова треба да обрнеме внимание. Ако Републиката ја гарантира заштитата на јазичниот идентитет на националностите тука според нашето мислење тој слободно мора и да се изразува, негува и развива. А како слободно ќе се негува и развива тој идентитет ако не се овозможи да биде присутен во матичните книги, личната карта, па дури би рекол и во патните документи.

III /9

Според тоа, да не должам мислам дека кога се расправа за личната карта во случајот треба да се има предвид и одредбите на член 48 на Уставот. А што се однесува до техничките пречки што би се појавиле околу тоа што мојот колега Тодор Петров истакнува околу познавањето на писмото на јазикот на националностите мислам дека тоа може да се реши, тоа е лесно прашање околу образецот за лична карта. Самата странка од одредените националности ќе си го запише името и на својот мајчин јазик и на своето писмо, така што останува референтот било каде, особено во подрачјата населени со националности едноставно да го препише со машина за пишување што има латинични букви односно букви на албански и турски јазик.

IV /1 СП/НД

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

(Продолжение)

Мислам дека на таков начин, јас се извинувам, мислам дека на таков начин и ние како парламентарци ќе придонесеме да дадеме еден позитивен одговор, меѓу другото, и на пратениците од овој парламент од албанската националност кои, кога се раслраваше за декларацијата за името на Македонија мислам дека беа едногласни, а тоа наиде на широка поддршка и кај населението. Па, прилика е во знак на благодарност, а со цел јакнење на довербата во тој поглед да ги поддржиме амандманите што одат кон тоа личната карта односно името и презимето на националностите во личната карта биде забележано и на албански односно на турски јазик и на нивното писмо. Тоа ќе биде еден многу важен камен во темелот на нашето заедништво за кое сите се залагаме.

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Дами и господа, мора да признаеме дека ние дојдовме малку со задоцнување, претседателот на Собранието тоа го бараше од нас а и координаторот на ПДП во која фаза стана, меѓутоа нема проблем се разбира, се дискутира овие амандмани. Кога ќе дојде за законот ќе разговараме посебно, ќе отвораме дебата а сега само по однос на амандманот на колегата Петров и на барањето на колегата Пановски.

Општиот став на колегата Петров во овој Парламент нам ни е познат и не треба во тоа да се впуштаме во доволна мера се знае со какви ставови настапува во овој Парламент, така е воспитуван во својот живот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Станува збор за амандманот, а не за господинот Петров.

IV /2

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

По однос на амандманот на ставот 5 каде тој предлага став 3 ние тоа со аргументи го отфрлуваме инаку нека му служи на чест она што го предлага.

Она што го кажа Пановски да не биде многу загрижен дека ќе имаме нови вработувања, нема да ги имаме сигурно, од причина што во тие подрачја имаме луѓе кои ги знаат сите три јазика. Спрема тоа тој што ќе може економски да го оправда своето работно место веројатно ќе треба да го напушти. Спрема тоа, немаме ние да платиме човек за три јазика да платиме тројца, туку ќе платиме еден. Тој што на конкурсот ќе ги исполнува сите услови тој ќе биде тука спрема тоа ќе нема прилика да има нови вработувања.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас за тоа барав министерот да се произнесе овде во врска со ова. Еве господинот Селмани многу убаво го образложи и го кажа тоа. Се знае во Македонија кој од македонците зборува албански. Многу се ретки тие луѓе. А албанците сите го говорат македонскиот јазик и се знае дека на тие места во тие општини по овие критериуми што ние ќе ги дадеме ќе треба исклучиво матичари во матичните служби да работат албанци или турци или роми или власи, не е битно.

Јас и друго ќе кажам, јас ќе кажам свеж пример што сега се случува, што ние многу лесно преоѓаме преку тие примери. Основното училиште “Никола Вапцаров” општина Чаир или други училишта сега да не ги набројувам директорот се брка, се вршат тешки пресии дури и физички заканувања исто така и во основното училиште “Рајко Жинзифов” во истата општина имаше инцидент се малтретираат директориФе заради тоа што не го знаат албанскиот јазик. Тие се македонци, живеат во

Скопје, луѓето не го знаат албанскиот јазик сега, дали треба да ставиме по тие критериуми луѓе што треба да го знаат македонскиот и албанскиот, тогаш нормално дека исклучиво албанци ќе треба да ги поставиме по овие критериуми за тие раководни места. Јас не сакам да прејудицирам ништо, но секој нека си размисли и нека си гласа по свое убедување.

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Зошто некој не го научил јазикот во минатото и зошто сме во едни вакви состојби што сме денеска мислам дека ние не сме виновни. Меѓутоа, во минатото немаше место каде може албанец да конкурира и каде може да биде вработен. Можеме да провериме дека во сите месни канцеларии каде се сто проценти албанци, каде се над десет илјади жители исклучиво матичарите се македонци. Зошто е така, веројатно заради недовербата спрема албанците. Можеме да провериме тоа не е проблем, меѓутоа во минатото каде немаше право македонец да конкурира само ако не се бараше за оџа. Ако се бараше за оџа тука веќе немаше, а на другите места беа исклучени албанци. Ве молам формирајте комисија ќе провериме, имаме месни канцеларии каде немаме албанец.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам да му возвратам на господинот Неим Селмани. Колку што се познати ставовите на пратеникот Тодор Петррв, толку се познати и ставовите на ПДП-НДП и тоа не е причина да не бидеме пратеници и користејќи ги уставните права на пратеник да работиме во овој Парламент.

IV /4

Меѓутоа, што се однесува барем за разлика од пратеникот Неим Селмани, пратеникот Тодор Петров не бил претседател на некаква илегална комисија во Републиката за спроведување на илегален референдум за илегално прогласување на некаква територијална автономија. А, ако Тодор Петров оди во Албанија и сака да стане албански државјанин нема да се срами да носи лична карта на албански јазик, на која што неговото лично име ќе биде распишано на албанскиот јазик и на неговото писмо.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, уште е реплика за збор се јави господинот Селмани, вие барате збор, ќе добиете.

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Точно е дека сум бил претседател на изборната комисија за изборите кои беа за автономијата. Меѓутоа, не е точно дека сум илегален оти јас сум легален ме избрало тоа собрание кое ја донесе одлуката за прогласување на референдумот. Цело време тоа било легално, меѓутоа моите ставови се јасни во однос на вашите господин Петров, дека никогаш не сум барал во овој Парламент или било каде на македонците да им се намалат правата. Напротив, сум мислел дека на тие треба таму каде што не одземаме од други туку треба да им се додаде тоа воопшто не ми пречело, напротив тоа се наши општо познати ставови. Напротив твоите ставови стално провоцираш постојано бараш некому да му се дадат правата, мада тие права неможеш да успееш сигурно да ги скратиш, туку ќе останеш со тоа дека не си готов да одиш во 21-от век.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам само една напомена. Ова ќе прерасне во лична расправа, тој дел сакам да го спречам и да не оди така, а сакам да дадам една напомена дека како мисли господинот Селмани негово е

право, меѓутоа, по одлука на овој Парламент за кој гласаше и пратеничката група, Комисијата и Собранието кои тој ги спомнува овде не се легални. За тоа треба од почеток да расправаме молам, да се разбереме тоа овде јас треба да го кажам.

За збор се јави господинот Котевски, а вие сте запишани.

Ве молам причекајте ќе си добиете збор господине Веби Џемаили.

**ГОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, јас незнам овде имаме еден амандман и по тој амандман треба да расправаме. Правните и техничките работи овде не треба да ги мешаме. Ако тоа како правна клаузула се донесе овде во овој закон тоа ќе важи за техничките работи и дополнително државата преку институциите на системот ќе си ги спроведе. Меѓутоа, веднаш на почетокот да кажам дека амандманот на Тодор Петров е изврсен, добар, а она што од другата страна сега се сугерира и ако некој со сила нешто сака да прави овде и да наметнува некој став нецивилизациски и некултурно на ваков начин насилно, јас да излезам на говорница и да кажам затоа што и мојот ред ми беше одземен овде на оваа говорница. Амандманот на Тодор Петров е добар, треба да го поддржиме сите и да не се впуштаме во непотребни работи и седницата да добие друг тек.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Господа пратеници, овде никој не употреби насилство, само барав збор и сакав нешто со два-три збора да придонесам на овој парламент. Ме интересира какво му е правото на господинот Петров да ме праќа мене во Тирана. Тој мора да знае, ако не ја знае историјата нека ја проучи. Скопје во сите времиња бил центар

на албанската култура и на албанците. Спрема тоа нема што да одам во Тирана јас сум во Скопје и тука ќе ги барам своите права. (општо негодување во салата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

"Тишина, ве молам културата на Скопје можеме да правиме симпозиуми, немојте овде.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Јас говорам со аргументи господа, а вие ако немате аргументи имате Институт за национална историја па учете таму и земете ги документите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да се држиме до амандманот, секој од вас во ова демократско плуралистичко општество може да си напише статија во весник, може да даде изјава, овде да правиме закони, само тоа ни е задачата. Држете се за тоа што ни е овде задача.

Има збор господинот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Пратеникот Петров Тодор не си го гради рејтингот на албанското прашање во Македонија. Меѓутоа, сакам да возвратам на излагањето на господинот Веби Џемаили кој што не го спомнав во моето излагање, меѓутоа погрешно ме цитираше. Дистанцата не е голема од овој звучник и овој микрофон до пратениците за да гласовите што ги изговарам се трансформираат во она што друг сака поинаку да го слушне. Јас господинот Веби Џемаили не кажав дека сакам да го пратам или  го праќам во Албанија односно во Тирана. Јас кажав, цитирам, бидејќи си го имам запишано тоа.

IV /7

Тодор Петров ако оди во Албанија и сака да прими албанско државјанство нема да се срами да носи лична карта на албански јазик, напишана на албански јазик на кое што и неговото лично име ќе биде на албански јазик и писмото на албанскиот јазик. Погрешни цитати нека за време од пет минути нека не бидат поинаку презентирани.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Јас ќе дискутирам конкретно по амандманот на господин Петров, со тоа што ќе го задржам правото на крај еден совет да му дадам. Прашањето на јазиците е едно од најчуствителните прашања што се третирани во меѓународното право и на законодавството на разните земји. Во проектирањето на општите норми за недискриминација во повелбата на Обединетите Нации на доследен начин заедно расата, полот и религијата јазикот се води како недозволен основ за диференцијација. Овој пристап беше конкретизиран во мировните договори помеѓу сојузничките сили Италија, Бугарија, Романија, Унгарија и сл. Универзалната декларација за човековите права и слободи во член 2 а додатно во член 7 јазикот го наведе како недозволен основ за диференцијација. Изричито право на слободен пристап на јазикот е содржан во Декларацијата особено во членовите 18 и член 26 и 27. Во двата пакти за човековите права од 1966 година јазикот е карактеризиран како недозволен основ за диференцијација како во поглед ка недискриминација така и во одредбите за еднаква заштита, Најконкретен е членот 27 од пактот за граѓанските и политичките права кои се однесуваат на националностите, иако ние сме народ. Во член 14 се уредува правото на употребата на јазикот во кривична постапка преку толкувач. Според тоа правото на јазик произлегува од широкиот спектар на заштита на правата кои се предвидени во двата пакта, како што е заштитата на правото на слободно изразување, правото на образование и правото

на партиципација во културниот живот на заедницата. Конвенцијата против дискриминација во образованието во член 1 забранува било каква разлика исклучување или ограничување или давање на предност на основа на јазикот чија цел е ослонување или еднаков третман во образованието. Во сите облици и на сите нивоа јазикот вклучува и пристап кон образованието по стандардот и квалитетот на образованието како и условите под кои се таа изведува. Додатна напомена.

Пратеникот Петров се служеше вчера со една лага невистина цитирајќи го францускиот устав и рече дека во францускиот устав нема народ на Франција туку има француски народ, што е неточно. Во францускиот устав прво нема француски народ, има народи на Франција или Француски народи со тоа што тие сметаат дека и народите кои живеат близу Канада кои се сеуште под колонија на Франција, Гвинеја, Сан Пјер, и другите исто така се народи на Франција. И никаде во францускиот устав не пишува за француски народ. И еден совет додека сум јас во сала пратеник Петров да не зборува за јазична политика и за Франција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само една напомена должен сум да направам, мене ме обврзува овде Деловникот и Уставот. Јас исто не навлегувам во чувствата на господинот Мухамед Халили, тој може да се чуствува како припадник на народ итн. но по Уставот врз основа на кој постои оваа држава овде, албанците се националност и во ова Собрание ние тоа го почитуваме и од тоа одиме.

Сега има збор Исмет Рамадани, па Цветан Јовчевски, па Петров, но ве молам една реплика бара господинот Петров.

IV /9

**ТОДОР ПЕТРОВ**

Сакам да укажам на еден друг факт дека можеби во францускиот устав се употребува терминот француски народ или народи на Франција, меѓутоа, ми се чини дека му е доволно познато и на пратеникот кој тоа го искористи од оваа говорница и кажа дека Македонија не е бивша колонистичка земја, туку секогаш била нечија колонија.

V /1.-CJ/МЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

И мене не ми е симпатично, меѓутоа реплика, така правите, што да ви правам.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Па господине Петров, среќа е тоа што Македонија не е ничија колонија, меѓутоа среќа е другото што Македонија е создадена, првобитно кога е создадена врз принцип на мултинационална заедница. (Реакција на пратениците во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, процедурално господин Џаферовски бара интервенција, процедурална интервенција.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека како и честопати ги изместуваме работите од колосек и наместо тоа што е на дневен ред расправаме за сосема друго. Ако е кавга на дневен ред дајте така да го утврдиме дневниот ред и да се расправаме.

Ако имаме конкретен амандман на господин Петров, дајте по тој амандман да расправаме и да кажеме дека тој амандман е прифатлив заради тоа, тоа и тоа, не е прифатлив заради тоа, тоа и тоа и да одиме на гласање; добива или губи, тоа е тоа. Ве молам немојте цел ден да се расправаме и да ги изместуваме работите, да правиме празна политика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега и господин Петров пак, спомнат е во интервенцијата. Ве молам, па немојте така сега.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ако господинот Џаферовски зборува за кавга, кавгата не ја направи Петров. Меѓутоа во цело објаснување ја гледаше оваа страна, кавгата ја предизвикаа позади нив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали е процедурално на Стефковски? Дали тој процедурално бара? Потоа да му дадеме збор на оној што е по ред.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека претседателот на Собранието го пропушти, па оттука ја користам можноста да во името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се оградиме од непримерната изјава на господинот Халили дека Скопје бил центар на албанската култура и на албанскиот народ. Ова може да биде само негова желба и сон  и ништо повеќе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, јас се оградив од тоа, меѓутоа... Беше тоа Веби Џемаили  ДА расправаме понатаму.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Па слушајте, научете нешто (се обраќа на некои пратеници) го ценам македонскиот народ и го сакам. Но, вистината е оваа. На 12 август 1912 година во Скопје е прогласена Заедница автономија помеѓу Албанците и Македонците за одбрана на оваа земја. Тоа да знаете е точно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, за нешто друго станува збор, мислам на Скопје имало разни својатели од разни страни, ние денес, само момент, и имаме некои заеднички

настани со албанскиот народ и националноста овде, нормално, меѓутоа сакам да ви кажам дека се е тоа работа за расправа на симпозиум и по весници и списанија и т.н. Скопје е денес престолнина на Република Македонија и дефинитивно. Сега да одиме натаму. Историјата настрана. (Реакција на пратениците од салата). Јас не ве спомнав господине Џемаили.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

На стара Македонија беше главен град, кога беше Александар Пела, а на нова Македонија е Скопје. Значи заеднички главен град на Македонците и на Албанците и на Турците и на другите.Тоа е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, Ве молам, Ве молам. Не одиме во историски расправи, јас реков на Република Македонија и е престолнина Скопје.

Има збор госпоѓица Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, мислам дека не треба претседателот на Собранието да дозволи припадници на одделни политички партии овде да си прават маркетинг и да ја иритираат целата македонска јавност и да ни држат предавања од историја и да ги искривуваат историските факти со што го навредуваат достоинството на целиот македонски народ.

Господине претседателе инсистирам да ја водите седницата според Деловникот. На дневен ред имаме амандман на Законот за личната карта, да не дозволувате вакви настапи, сме имале примери кога сте отстранувале пратеници од говорница кога сакале да ги образложат своите ставови, а во случајов им се гледа на некои пратеници низ прсти затоа што се однесуваат агресивно и затоа што врз работата на Парламентот и на пратениците вршат притисок и заканувачки се однесуваат. Ве молам, седницата да ја водите достоинствено.

V /4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, морам да ви објаснам нешто, во ова што го кажува госпоѓица Димовска има вистина дека мораме да се држиме до Деловникот и затоа реков дека ние овде закони правиме и тоа треба да го правиме. Меѓутоа, ако се осврнеме на вчерашната седница целата беше политички маркетинг и затоа ви велам тоа мора да биде за сите партии, и само тогаш има смисла, тоа е едно и второ, недопуштено е тоа што се прави овде од поедини пратеници кои прават овде партиски промоции, тоа не само што не е по деловникот, тоа е спротивно на Уставот. Спротивно е на Уставот заради тоа што еднаквоста по Уставот важи и за политичките партии и имаме ние политички партии кои сега не влегле во Парламентот, Парламентот не смее да се злоупотребува за партиска промоција. Да се разбереме, само премногу жестоко и премногу бучно реагирате кога ќе настапиме токму така. Ве молам, да продолжиме. Одиме на амандманот.

Има збор господин Исмет Рамадани. Ве молам да се држите за амандманите.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитувани пратеници, господа од Претседателството, јас оттаму слушнав некој рече избркај го, дојдов затоа што уште од вчера сум мотивиран од седницата кога почна и ќе го кажам моето мислење, а во овој случај за амандманот. Мегутоа, ако кажам за амандманот а да не го спомнувам господинот Петров тој е потписник на амандманот, неможе, затоа што амандманот е на господинот Петров. Јас кога незнам секогаш прашувам и господинот Мухамед Халили го прашав што значи зборот амандман.

V /5.-

Тој рече дека додаваш нешто на некој закон. Добро, господинот Петров стално во неговите амандмани секогаш бара да се брише нешто, а кога бара да се брише обично бара да се брише писмото и јазикот на другите и да се вметне само неговиот јазик. Тој што провоцира во овој случај, што создава вакви атмосфери, ваков амбиент, јас мислам дека сите знаеме кој е тој затоа што не му е првпат и неговите настапи иако ние спрема неговите настапи и спрема неговите амандмани расудуваме тогаш навистина ќе направиме една погрешна, и ќе креираме една погрешна политика во овој Парламент, а и во цела Македонија.

Само да го цитирам, затоа што амандманот имаше и образложение господинот Петров кога почна да ги набројува националностите тој почна да ги набројува тие што ќе имаат лична карта, а за личната карта пишува за националностите кои се правата. Тој почна да набројува за да се избегне значи и од темата во овој случај , набројува и Сиријци и Палестиции се, а многу добро знае дека таа преамбула е на тој Устав за кој тој сам гласал дека во оваа Македонија која е целта на тој устав и дали е целта за сожителство и со кои граѓани, со каква припадност национална и вер-ка припадност. Многу му е јасно. Меѓутоа, тој навикна со неговите амандмани, со неговите настапи некако како да е јавен обвинител на оваа говорница кога се однесува за ПДП и НДП.

Амандманот нормално дека не го прифаќам и јас и јас дури имам една молба, по се изгледа ќе се јавам пак, имам и мој амандман и.т.н. јас ја молам службата која дистрибуира амандмани кога се во прашање амандманите на Тодор Петров минус 1 ако сме 120, неговите амандмани да не стигнат до мене, до Исмет Рамадани затоа што навистина тие амандмани создаваат во мене таква нервоза, а јас морам да бидам секогаш опонент, верувајте дека ќе бидам опонент затоа што тој од вчера почна и јавно веќе да промовира дури и фашизам.

V /6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ве молам нека.....

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Ако има пратеник во ова Собрание со кого нема да имам здраво и живо јавно кажувам дека тоа ќе биде господинот Петров.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, господин Петров повторно.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ако претседателот ја почитува претходно дадената изјава по повод забелешката на пратеничката Доста Димовска, тогаш требаше да му го одземе зборот на пратеникот бидејќи....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега треба вам да ви го одземам затоа што не реплицирате .

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас реплицирам на она што го кажа пратеникот Исмет Рамадани во однос на мене.

V /7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, не, не, не е така, не доаѓај овде да правиш приговори на претседателот. Напушти ја говорницата.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас одговарам на излагањето на Исмет Рамадани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, пауза од 10 минути. Доби збор само за реплика господине Петров, нема што на мене да се обраќате тогаш.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ако дозволувате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, за тоа вие ќе барате збор. Се однесувате надвор од секоја мерка, надвор од секој режим, невозможно е тоа. Седете и ако сакате да зборите за амандманот зборувајте за амандманот или за тоа што реплицирате и за ништо друго. Како можам воопшто да одржам ред овде? Како може да се работи воопшто?

Молам, пауза од 10 минути.

(Паузата започна во 15,15 часот).

VI /1.- ЛП/ЛЈ

(ПО ПАУЗАТА)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

За реплика на дискусијата на господинот Исмет Рамадани се јави господинот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Пратеникот Петров Сиријците, Кинезите и Јорданците ги спомна во контекстот на цитираното образложение што го поднесе Владата на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за личното име од 31 јануари 1992 година. За тоа што значи амандман, нека пратеникот го прочита членот 329 и членот 338, став 2 од Деловникот на Собранието за да му стане појасно дали може нешто да се брише или не од предложениот текст на Предлогот на закон.

Понатаму, ме направи јавен обвинител од оваа говорница, а цело време јавно ме обвинуваше користејќи клевети за кои треба да решава и е надлежен суд, Личен проблем е на пратеникот Исмет Рамадани кои материјали сака да ги прима на домашна адреса а кои не и нека тоа си го расчисти и реши со Стручната служба, а не да го злоупотребува правото и да ги заморува пратениците од оваа говорница. И ако со некого не сака да комуницира, конкретно со мене, тоа е негово право, како жив човек може и да се нервира и тоа повторно е негов личен проблем.

Барам претседателот по сопствена проценка да го заштити пратеничкиот дигнитет, ако се користат клевети од оваа говорница, како што беше искажано, по расправа за амандман, а наместо тоа да се зборува за ликот на пратеникот.

На крајот, пратеникот Петров воопшто не е виновен никому ако не доаѓа на седница. Сакам да потсетам повторно дека како предлагач на амандманот кој што го дадов и кој е предмет на расправа, а не моралниот лик на еден или друг пратеник, ќе го повторам текстот и предлагам расправата да продолжи по него. Амандманот гласи:

“По членот 5, став 2 во седмиот ред по зборовите “печат” се става точка, а зборовите  до крајот на реченицата се бришат и после членот 5 се додава нов став 3 кој гласи: “Образецот на личната карта и податоците кои се внесуваат на образецот на личната карта се на македонски јазик и на неговото кирилско писмо”.

Ја користам можноста да ги известам пратениците бидејќи не слушнав од претседателот дека тоа беше од негова страна направено, дека овие амандмани беа поддржани и од Законодавно-правната комисија и од Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само уште едднаш сакам да наведам, не го прекинав пратеникот Петров, а требаше да го прекинам, да зборувате овде реплики и триплики само врзани за амандманот, а не за тоа кој, како и што е и незнам што. Ве молам, за амандманот да зборувате.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Кога реков за амандманот морав да го коментирам и неговото образложение, затоа што кога се дава амандман има и образложение и усмено и писмено и токму во образложението ги набројуваше тие што јас уште еднаш ги набројувам.

Меѓутоа, твоите амандмани господине Петров...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте да се обраќате директно на личност, зборувајте на Собранието.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас со Петров реплицирам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Знам, нему му реплицирате, а на Собранието му кажувате.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Ја споменува мојата личност. Морам да го потсетам. Цицерон уште од првиот век на оваа ера рекол: тој што мрази е пред лудило. А засега тој само мрази.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, напуштете ја говорницата. Секој што доаѓа овде се обраќа на Собранието, без оглед на кого реплицира. Невозможно е и јас од последната реченица на господинот Рамадани се оградувам како претседател, мене ми е сеедно што рекол Цицерон, но тоа да се употребува овде не е добро. Мислам дека ке ми прифатите едно такво право да кажам дека таквите квалификации на личностите не се добри.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Почитувани пратеници, на членот 5 став 2 има амандман за кој сега расправаме и амандмани со слична содржина има уште неколку. Ке се обидам сосема накратко да го изнесам својот став во врска со изнесениот амандман.

Амандманот ја оспорува уставноста на решението што го нуди Владата и тука се поставува дилемата дали решението што го предлага Владата е уставно или не е уставно според подносителот на амандманот. Сакајќи да бидам сосема краток ке кажам дека според моите

убедувања и според моите сваќања на Уставот понуденото решение е сосема во согласност со Уставот на Република Македонија. Тоа има покритие и во меѓународните акти што тука беа на одреден начин спомнати и мислам дека објаснувањето на министерот, што го даде за решението што го нуди Владата, е сосема коректно и оваа ситуација за мене е сосема чиста.

Убеден сум дека и подносителите на амандманите знаат дека проблемот не е во уставноста или неуставноста за тоа што тие исто така колку и јас знаат дека тоа е уставно. Проблемот е во нешто друго. Проблемот е во тоа што некои луѓе воопшто не сакаат да знаат дека на овие простори, освен македонскиот јазик, може да се употребува и некој друг јазик, што исто така е нивно право така да мислат. Јас мислам дека тоа воопшто не е вред и дека тоа нема покритие во Уставот, што ние самите го гласавме, за право јас не, туку тие што го предлагаат амандманот. Значи, тоа не е проблем. За мене е проблематично сознанието дека лугето што тоа го предлагаат, кога дискутираат за положбата на Македонија во минатото пред да ја прогласи независноста, ја критикуваат бивша Југославија како заедница на нерамноправни народи и држави. Употребуваат аргументи кои сега - еве верувајте ми токму сега ми падна на памет и меѓу другото велат дека Македонија и македонците во таа бивша Југославија беа дискриминирани како народ и како држава меѓу другото и во поглед на јазикот. Добро, тука се набројуваат и други дискриминации, не беа пропроционално застапени во сојузните органи и организации, во дипломатскkте претставништва итн., што мислам дека е сосема в ред. Меѓутоа, ова нивно образложение, ова нивно искажување е од позиција кога Македонците беа малцински народ во однос на мнозинскиот народ во таа бивша Југославија и тогаш имавме едни аршини за мерење. Сега кога иста таа Македонија

на овие простори создава своја независна држава и станува од малцински во мнозински народ, тие луѓе веќе си наоѓаат и други аршини за мерење. Е сега, со исти методи на дискриминација спрема другите, истите методи ги употребуваат спрема тие што сега во таа држава стануваат малцинство, националност или незнам што. Мислам дека тука е принципиелно прашањето. Ние тука се залагаме за рамноправност, рамноправна употреба на јазиците итн. Ред е да се каже, не е проблемот во Уставот, покритие во Уставот има. Јас ве упатувам на член 48, став 1 кој јасно и недвосмислено вели дека секој има право да го развива, искажува итн, својот национален идентитет. Ако некој и за некого е спорно тоа, дали употребата на јазикот е национален идентитет, искажување ,мислам дека треба да вложи дополнителни напори и тоа да го согледа и осознае како што е. Мислам дека не е добро што говорницата се употребува и за други цели и за тоа да не се прилрржуваме на дневниот ред. Добро е што претседателот реагира кога тука се изречуваат и неумесни и неодмерени квалификации односно дисквалификации. Меѓутоа , претседателот мора да биде конзистентен во тоа и да ги предупреди сите што излегуваат од дневниот ред. Јас не бранам ничиј став тука.....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со ова и вие излегувате од дневниот ред, Вие за друго добивте збор.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Еве, излегувам. Дали е умесна компарацијата, да се кажува тоа од говорница, ако јас одам во Албанија, во Тирана ке земам лична карта на албански јазик. Господа, јас тука не сум дошол од никаде. Јас сум тука, сум затечен тука каде што се формира држава Република Македонија и сакам лична карта таква каква што ја барам и за тоа да расправаме, дали за тоа имам право или немам право. Инаку, не е добро и умесно некој да се упатува надвор од границите на државата.

VI /6.-

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, веднаш на почетокот да кажам дека го поддржувам амандманот на господинот Тодор Петров и сакам да напоменам во излагањето на одредени пратеници од одредена политичка партија, каде што барам од оваа говорница. беше изнесено дека доколку матичарот односно службеникот кој ке ги води тие книги не може да го напише во оригинал името на одредена националност, ке треба да го напише личниот барател односно човекот од таа национална професија. Јас се прашувам, поконкретно во западниот дел на Македонија од таа популација имаме доста неписмен народ, голем дел, а дошол да извади извод од матична книга на родените, се чудам како тој ке успее во матичната книга да го вметне писмото.

Исто така од оваа говорница три четири пати се манипулира како а одредена категорија пратеници, се праќаат во Албанија. Јас мислам ниту држи место ниту имаше смисла на тоа изреката на господинот Петров, меѓутоа, тоа беше како еден пример.

Што се однесува пак за дополнувања односно името да биде на една од националностите, мислам дека навистина не држи место од причини што овде ја злоупотребуваат доста говорницата, можеби сега и мене некој ке ми префрли но за жал, оддалечувајќи се од темата сакаат да наметнат еден став кој навистина сосема се оддалечува и доаѓа до едно подгрејување на страстите на самите пратеници односно во таа смисла сметам дека не би требало господаха која што толку се залага од овде и извлече толку остри стрели и горчини и навреди врз македонскиот народ и Македонците бидејќи ние сме овде голем дел и не голем дел туку над 100 пратеници, претставници на тој македонски народ да се кажуваат такви навреди навистина не држи место и во иднина би требало да водат сметка да нема такви навредувања бидејќи и ние сме претставници на еден дел од тој народ кој не избрал.

Во таа смисла сакам да му кажам на посленднриот дискутант кој споредува и прави паралела мегу бившата СФРЈ и Репубулика Македонија сега. Мислам дека таа беше федерација а Македонија е една држава и не држи место Македонија да ја федерализира, бидејќи Македонија е држава како таква. Тој може да зборува во тој контекст само тогаш кога ке има некоја федерација односно за некоја држава која има федерално уредување.

**НЕЏАДИН ЏАФЕРИ**

Пак запловивме во нечисти води овие два дена овде со овие системски закони. Ми се чини сите подеднакво имаме право за тоа, бидејќи во нашата историја прв пат градиме независна држава па малку и ненормално се однесуваме. Ако ме прифаќаат колегите од десната страна дека Македонија е и наша држава, ако не го узурпирате тоа право а за тоа ние сме свесни и на оваа говорница и пред овој аудиториум и пред целата јавност на Македонија, исто како и колегите од десната страна, исто и колегите од левата страна, подеднакво го браневме името Македонија. Тоа значи дека сите подеднакво го признаваме суверенитетот на Македонија, државниот суверенитет и јас како немакедонец, а македонски државјанин имам право и тоа гласно како господинот Петров и други господа вчера со неумесни дискусии, што немаше врска со вчерашниот закон...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Оставете ја вчерашната дискусија, сега имаме амандман на дискусија.

**НЕЏАДИН ЏАФЕРИ:**

Се извинувам, ке поминам на темата, исто имам право еден пикник да правам во Собранието. Бидејќи не сме толку универзални, бев принуден да консултирам литература што е тао систем. Систем било

множество од елементи такви поврзани за да таа цели на биде функционална. А тие елементи се поврзани со закони. Токму овие закони што ги донесуваме сега се системски  закони на нашиот политички систем. Какви ке биддат овие  закони ке зависи од нас овде, од Собранието, какви одлуки и какви амандмани ке усвоиме во ова Собрание.

Затоа, ние, не само јас туку и моите колеги  се залагаме сите овие системски закони пред се да бидат функционални практични закони и применливи за сите граѓани на Македонија. Ако сме убедени дека овие закони не ке бидат применливи за одреден борј на граѓани на Македонија, тогаш немаме легитимитет и право да прифаќаме вакви амандмани. Впрочем, и колегата правник зборуваше дека Уставно право за тоа има а да не зборуваме како нашите пред извесно време заеднички републики го решија овој проблем. Еве на пример во Словенија и Хрватска. Незначителен број италијани живеат во  Истра и тие имаат лични карти на Хрватски и Италијански јазик. Исто така, незначителен број Италијани живеат и во Словенскиот дел и исто и таму личните карти им се и на словенечки и на италијански јазик. Во што е работата? Ако ние како појдовна основа го земеме тоа дека тие се италијани, а ние сме   албанци, тоа е ептен друга работа. За тоа треба време и ке се докаже тоа. Но колегите кои го образложуваа овој амандман не прифатливи беа со своите објаснувања дека таму каде што македонецот не ќе го знае албанскиот или турскиот јазик не ке може да биде матичар, ми се чини 'Тоа беше. Значи, според мислењето на колегите на Албанците и на Турците нема ниедна друга професија освен аргати. Така тоаѓа тоа. Значи, ние матичари не ке можеме да бидеме, не ке можеме службеници да бидеме, не ке можеме да бидеме директори, не ке можеме пратеници.Што ни останува? Аргати. Значењето тоа е. А што се однесува до тоа дека во Западниот дел на Македонија претежно неписмено население живее, сигурно колегата што го изрече тоа ниеден пат немал шанса да биде во Западна Македонија.

VII /1.-   НН-ВБ

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници,

Еве и јас да се обидам нешто од правна гледна точка да кажам, бидејќи не сум од оваа струка но кога гледам дека доста луѓе на кои што не им е струка доста се бучни по оваа материја па ќе се обидам и јас во оваа смисла, а и сум принуден на тоа.

Всушност и јас дојдов со еден мал устав (го покажува уставот во мал формат), кој што крие големи работи.

Прво, не го поддржувам предложениот амандман.

Второ, бидејќи реков дека ќе се потрудам да бидам правник не би го читал членот 7 бидејќи колегата Абдурахман доста подробно кажа. Јас само првата алинеја на член 48, каде што вели “припадниците на националностите имаат право слободно да го изразуваат,негуваат, развиваат својот идентитет”. Личната карта е еден од тие документи. Се поставува прашање дали овој устав ќе се спроведе илн не? Како што се знае ние не гласавме за овој Устав, меѓутоа, самите гласавте. Сега дали ќе го спроведувате овој устав прашањето е или не?

Трета работа што сакам да ја кажам е следната. Време е овој Парламент да размисли малку околу квалитетот на амандманите . Во доста развиени земји, па дури и во Англија се знае начинот како може да се поднесува амандман. Токму во нивниот Деловник за работа стои на толку се наплатува. И мислам дека доста беше речено околу тоа, на овие работи да размислиме бидејќи нема никаква економичност кога од неколку амандмани не поминува ниеден. Овде беше речено да не иритираме. И јас сум да не иритиране, меѓутоа, ние бевме вчера во улога да бидеме иритирани и оваа работа требаше некој да ја размисли.

Четврто, овде доста се манипулира со федерализација. Од правна гледна точка, како што реков на почетокот не сум правник, јас ќе се обидам од практичната страна бидејќи во ова поднебје живееле

и ќе живеат и разни народи сметам дека од практична гледан точка оваа Република и тоа како е федерализирана.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, по однос на членот 5 од Предлогот на законот за лична карта во почетокот слушнавме доста интензитетно одвивање на дискусиите, еуфорија, веројатно најмногу вчера што пратениците од ПДП-НДП не беа присутни. Веројатно и тоа ги иритираше така да се почне. Во тој дел не би сакал да се впуштам, а би застанал токму на правната регулатива на одредбите од членот 5 од Законот што е предложен од Владата.

Најнапред ги поддржувам мислењата дека предлогот на член 5 е противуставен. Врз основа на тоа амандманите поднесени од повеќе предлагачи се сосема во ред. Од кои причини? Денеска, иако прилично го почитувам колегата пратеник Абдурахман, сепак сметам дека не даде правилно толкување на одредбите од член 48 од Уставот, а ги прескокна одредбите од членот 7.

Членот 7 на Уставот го регулира службениот јазик и писмото во ставот 1 кои се основни одедби додека члeновите 2 и 3 ги регулираат можностите за употреба на писмата и јазиците не националностите и тоа во средини каде што се застапени со поголем број и во средини со помал број. За овие одредби се кршеа долго време копја и на Уставната комисија и долго време се усогласувавме. Сепак денес министерот д-р Љубомир Фрчковски кој е и креатор на тој Устав прилично на еден добар разбирлив јазик ги регулира ставовите 2 и 3. Од каде денес во Законот е дојдено да може во лична карта, кој што документ најнапред мора да сватиме дека е јавна исправа, службен документ како јавна исправа да може покрај кирилично писмо да се употребуваат и писмата на сите националности на граѓаните кои што живеат во Република Македонија.

VII /3.-

Сметам дека овој закон му претходи на еден друг закон. Ние не ќе можеме како Собрание, како законодавна власт ова тело што му е одредено со Уставот да гради куќа од кровот да дојде до темелот. Најнапред Владата, не се впуштам во тоа дали треба или не треба, тоа требаше да се реши со еден друг закон. Ако Владата на. нас ни предложеше, на ова Собрание каде, како и со кои цели ќе се употребуваат писмата и јазикот на националностите тоа ќе беше сосема лесна работа денес. Немаше да доаѓаме до ваква еуфорија, немаше да дојде до навредување помеѓу граѓани кои што живеат во оваа Република без разлика на националноста и да бараме еден на друг протерување и да се праќаме во други држави на живеење. Оваа држава е татковина на сите овие луѓе. Но, да ги решиме реално работите мора да почнеме од темел, како што ни сугерира Уставот. Не се согласувам да се повикуваме на членот 48. Членот 48 е сосема нешто друго. Јас така го разбирам. Членот 48 зборува за културното издигнување, за интегритетот на националностите, а не зборува за службени исправи. Од тие причини истото нешто, до еден таков заклучок дојде и Законодавно-правната комисија. Ние дури во извештајот констатиравме дека се укажува за потребно дури и Уставната комисија да расправа дали овој закон е уставен или да бараме толкување на Уставот од Уставниот суд, па дури тогаш да го донесеме. Дотогаш се друго би било илузија овде да се караме.

Јас би навел неколку проблеми што ќе се јават од овој закон. Сега во овој миг, во ова време и среќа е така да биде националностите бараат фонетика. Незнам дали би застанало со фонетика.

Почитувани пратеници, ние можеме вака да мислиме овде. Во вистинскиот живот ќе се случат сосема обратни работи. Каде служи личната карта? Пред кого? Личната карта во најголем дел за идентификување на личноста служи пред органите за внатрешни работи. Во 90% случаи служи пред шалтерите кај банките, пред испитните комисии каде

што треба да се утврди идентитетот на личноста. Со неа најмалку би се промовирала фонетиката на јазикот на националноста. Ако службеникот, службеното лице изврши идентификување на еден граѓанин со различна националност најмалку ќе им значи тоа што пишува одоздола. Ако Македонец идентификува Ром или Албанец или Турчин кој ќе го чита кириличното писмо, кое што е службено.Албанецот или Ромот ја знае фонетиката на него воопшто не му треба. Сметам дека преку тоа воопшто не се развива националното богатство на некое национално малцинство. Воопшто не се развива тоа, Ние треба да работиме на друг план. Каде треба да го развиваме тоа. Иако се спомна дека во Словенија, во Хрватска има во тоа, може да има, не сум прочитал не сум видел но сметам дека во светот тоа е сосема малку застапено. Единствено ако постои Швајцарија, каде што се во употреба три службени јазици. На друго место не би дошло до тоа.

Потоа ќе се јават последици во правниот сообраќај. Дали еден граѓанин од некое малцинство кога ќе биде идентификуван од службено лице и до колку се констатира дека тој граѓанин има направено повреда према некој закон и према истиот граѓанин треба да се поднесе барање дали за кривична посталка или прекршок ТОЈ ке бара да му се внесат сите податоци од личната карта, и кириличното писмо и писмото на националноста. Потоа кога некој државен орган ќе треба да го повика тој граѓанин во поканата ако му напише само на едно писмо може да не се отповика затоа што тој има два јазика. За сето тоа да се реши, затоа зборував претходно треба еден друг закон. Дали ова писмо ќе биде само фонетика или воопшто во целина ќе биде употребено како што е во изворниот текст на личната карта.

Исто така без да се донесе законот за матична евиденција јас незнам министерот како ќе ги спроведе овие лични карти како министер на органот за внатрешни работи.

Еден граѓанин кога ќе треба да побара да му се издаде нова лична карта има формулари. Неговите податоци излегуваат од матична книга на евиденција. Многу пратеници зборуваа дека граѓанинот ќе си го напише неговото име и презиме на неговиот јазик. Такво нешто неможе во ниедна држава. Таквиот податок може да биде издаден само од овластено лице или од матична евиденција таквиот документ. Сега како ќе го направиме тоа? Во Македонија живеат граѓани од еден ден родени или од 18 години за лична карта па до 70, 80 години. Јас незнам дали ќе претрпи измена и во матичните книги на родените. Затоа матичарот не ќе може да му издаде на него на оние две писма или три односно на неговото писмо. Што би настанало тогаш, каков хаос ќе настане? Затоа јас мислам дека овој закон Владата треба да си го повлече заедно со законот за матична евиденција да оди во паралела, а исто така на овие закони да им претходи закон за употреба на писмата и јазиците на националностите. Дури тогаш овој Парламент ќе може правилно да одлучи, во спротивно само можеме да се расправаме и да правиме циркус пред граѓаните на Република Македонија.

**ХАМИД АЛИУ:**

Дами и господа, ценето претседателство,

Прво, не ми е јасно што од некои господа правници што уште ги ценам, само денес малку ми го доловија мнението и како правници ја злоупотребуваат и говорницата и нестручно зборуваат. Јас не сум правник, но колку можам да пратам од колегите други правници за правна наука.

Исто така, прва дискриминација за мене е што несватливо е да овој Парламент го девалвира својот Устав што го донел, нажалост од тие што го гласале.

Второ, незнам каква држава се сака да биде Македонија. Дали се сака демократска, дали се сака модерна, европска, или некој сака да ја растури?

Трето, ме чуди, а среќен сум што за прв пат од некои така да кажам душебрижници се зборува за стопанството. Поконкретно за господата предлагачи на вакви амандмани не знам кога овој Парламент досега добил амандман да се расправа за стопанството и да мислиме за стопанството на оваа наша држава. Изгледа дека досега имаме обратна професионална деформација.

Прво, ние економистите сме и тоа како големи историчари, големи правници, големи незнам што друго, а само не сме од нашата професија. Изгледа дека јас што носам наочари, морам да признаам дека секој што носи наочари не мора да биде и паметен.

Четврто, ако некој води сметка како ќе пишуваат матичарите, па на сите нас ни е јасно дека матичарите до 1945 година пишувале на српски. Од 1945 година наваму пишувале на македокски, па не е никаква греда или не е никаков проблем да пишуваат и на албански.

Последна забелешка ми е на вакви амандмани не знам со какво право и на кој начин ке го оправдаат во своите преговори со Европа каква држава сакаме и за што се залагаме, значи се е проформа.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувано претседателство, почитувани пратеници, дами и господа. Дозволете да се надоврзам на досегашните излагања во врска со амандманот на Тодор Петров. Пред нас се наога Предлогот на законот за личната карта. Очекував дека овој закон како според формата така и според содржината ќе биде израз на духот и словото на Уставот на Република Македонија.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ: (продолжение)**

Впрочем, тој тргнува од член 68 став 2 на Уставот со текстот на амандманот на Владата се прави сериозен обид да ни се понуди едно поцелосно решение за овој документ од личен карактер. Меѓутоа, колегата Тодор Петров во образложението на својот амандман, што е против Уставот и против амандманот на Владата го испушти од предвид членот 48 од Уставот со кој меѓу другото на припадниците на националностите им се гарантира заштита на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет. Изгледа како што често се случува во периодот на премин од еден во друг систем и сега во врска со овој проблем некои сили како да не дозволуваат да се оди пошироко. Напротив, или се сака да се задржат дел од старите решенија, или пак со вешти маневрирања решавањето на проблемите се одлага за подоцна. Тоа дојде до израз по многу поводи, па и по повод неприфаќањето на предлогот на Парламентарната група на ПДП-НДП , имињата на припадниците на националностите да се пишуваат во изворна форма, односно со користење на латиничното писмо што го користат тие.

Од страна на собраниските комисии не се прифати ни можноста тоа да биде во заграда по запишувањето на личното име на овие граѓани во изворна форма со латинско писмо. Ова се аргументира со фактот дека согласно член 7 од Уставот на Република Македонија службен јазик бил македонскиот јазик и кириличното писмо. Меѓутоа, во став 2 и 3 од тој член во Уставот цитирам “во единиците на локалната самоуправа во кои како мнозинство живеат припадниците на националностите во службена употреба, покрај македонскиот јазик и кириличното писмо, се и јазикот и писмото на националностите на начин утврден со закон”.

VIII /2

Третата одредба од истиот член исто така во единиците на локалната самоуправа стои ако значителен број живеат припадници на националностите, во службена употреба покрај македонскиот јазик и кириличното писмо се и јазикот и писмото на националностите под услов и начин утврден со закон. Меѓутоа, во врска со ова сметам дека не се во прашаше прописите. Всушност не се во прашање прописите колку со добра волја да се удоволи едно право. Правото на рамноправна употреба на јазиците и писмата на националностите во Македонија. Националниот егоизам никако да се искорени од овие простори и кога устите ни се полни со демократија, а очите свртени кон Европа, каде сакаме да се придружиме на цивилизираните народи што не познаваат и признаваат целосни права за едни, а ограничени права за други.

Имено, во член 48 доследно се истакнува и ова: “Припадниците на националностите имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и националните особености”. Републиката им ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, подвлекувам и јазичниот и верскиот идентитет на националностите. Тргнувајќи од изложеното, се поставува прашање, припадниците на националностите како слободно ќе го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и како Републиката ќе ја гарантира заштитата на етничкиот културниот, јазичниот и верскиот идентитет на националностите, ако мегу другото не се дозволи запишувањето на личното име на овие граѓани на нивниот јазик и писмо. Секако тоа нема да се оствари со ограничување од овој вид. А личното име сметам дека претставува и дел од идентитетот на човекот. Затоа на неговото запишување во западните земји се посветува големо внимание, бидејќи луѓето по надворешноста можат да си личат еден на друг, но токму името е тоа што нив ги разликува. Затоа за неговото запишување,

изговарање мора да се посвети нужното внимание, колку за остварување на рамноправноста на јазиците и писмата во наши услови на националностите,и уште повеќе и за изразување и заштита на ннвниот етнички, културен, јазичен и верски идентитет. “

Пишувањето на личните имиња на јазикот и писмото на поединецот од друга страна претставува цивилизациски однос и кон него особено ако цитираме автори од стручната литература и во Македонија, така се однесуваме, прво го пишуваме личното име на авторот во неговата изворна форма, а потоа во заграда интерпретацијата ја даваме на македонски јазик и со кирилично писмо. Тоа претставува коректен однос кон авторите.

Искуството од другите земји исто така говори за еден коректен однос кон државјаните од другите земји. На пример во САД, бидејќи не го знаат албанскиот јазик, се случува , се со цел да се изрази вистинскиот идентитет на личноста, службени органи просто ја молат странката на посебен лист да го пишува личното име со своја рака, потоа службениот орган тоа го препишува во службените книги. Значи и онаму каде не се знае еден јазик , со добра волја се наоѓа решение. Конкретно токму поради тоа и за доследното остварување на духот и словото на Уставот на Република Македонија се залагам за тоа личните имиња на припадниците на националностите, без оглед што пак не ги спомнувам Албанците, Турците , Власите, Ромите и било кој други граѓани на Македонија да се пишува на нивниот јазик и писмо во оргинална форма, а во заграда интерпретацијата на македонски јазик и кирилично писмо.

VIII /4

Личните имиња на јазикот и писмото на граѓанинот, според националната припадност со интерпретацијата на македонски јазик и кирилично писмо да се пишуваат во матичните книги и во сите документи од јавен карактер што се базираат во изводот на матичната книга на родените.

Ова ќе биде уште еден придонес кон јакнење на довербата на националностите и за натамошна афирмација на Република Македонија како демократска и како заедничка држава на сите нејзини граѓани.

Тргнувајќи од изложеното ве повикувам за доследно почитување на член 7 и член 48 од Уставот на Република Македонија и да се спротивставиме на овој амандман поднесен од другарот Тодор Петров што нема чиста намера кон другите припадници во оваа мултинационална заедница. Воедно би побарал да се залагаме нивото на човекот да се задржи да не паѓа на ниско ниво. А она што господин Ефтим Манев го рече дека ретки земји се тие што личните документи ги пишуваат двојазично тоа можеби го рекол рутински, можеби од тоа што немал прилика да шета и во оваа вчерашна Југославија што беше . Такви документи се издаватат и во Словенија на Италијански, на припадниците Италијани, на припадниците Унгарци на унгарски јазик, а да не зборуваме и за други места и во Србија во Војводина се издаваат патните исправи и на унгарскиот и на румунскиот јазик, а и на припадниците на Албанците. Можеби е нешто друго што пропуштил да каже господинот Манев, има право кога во сите институиии на општествениот живот овде во Македонија, албанскиот елемент, турскиот елемент и сите други етнитети во Македонија не се прифатени во институциите во животот. Затоа во банките, во органите на управа

се вработени само Македонци. Во почетокот можеби ќе биде тешко, меѓутоа, ова е наша реалност. Недопуштајте нивото на човекот да спадне ниско.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници го поддржувам амандманот на господинот Петров од следните соображенија: Изненаден сум што пратениците на ПДП-НДП, толку многу се повикуваат на овој Устав, а за него не гласале. Но во нашата демократија има многу работи, па ќе поминеме и преку тоа.

Понатаму, ако земеме да ја разделиме управата, органите на управа имаме државни органи, или републички органи на управа, имаме и органи на локална самоуправа. Органите на републичката управа, а тоа се Министерството целосно се служат со македонскиот јазик и кириличното писмо. Што значи членот 7, ставот 1. Не може во еден државен орган да се служи и со други писма. Тоа треба да ни е јасно, тоа е во целиот свет и мора да се примени и кај нас.

Во органите за локална самоуправа, кои ги има насекаде, како што ги има органите на републичка управа насекаде, може да се служи и со јазикот на националностите. Личната карта е документ на државните органи, републички органи на управа. Не може лична карта да издава локална самоуправа. Штом издава државна управа, личната карта мора да се пишува на македонски јазик и да се примени членот 7 став 1. Додека членот 7 став 2 и 3 може само во локалната самоуправа. Општината на територија на Република Македонија , каде што е локална самоуправа може да се служи *со* тие ставови 1,2 и 3.

VIII /б

Понатаму пратениците од ПДП многу се повикуваат на членот 48. Друг пат сум ги чул дури и на членот 9 од Уставот. Припадниците на националностите имаат право слободно да ги изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и националните особености. Што значи тоа? Тоа се граѓански права. Во граѓанските права можат, но кога ќе дојде до членот 7 став 1, тука престанува. Ова може за граѓански права, а кои се граѓански права? Еве и во ставот 2 вака е многу јасно. Се гарантира заштита на етничкиот, културниот, јазичниот, верскиот идентитет, што значи може во носијата, може да си носат кечиња, шарени чорапи итн. Овде сум изненаден додека пратениците од ПДП и НДП дискутираат, коалицијата, десните да ги наречам неокомунисти, затоа што не се прави комунисти ....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, амандманот не предвидува такви работи.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

... и правите комунисти си гледаат сеир и сега не пуштаат ние да се расправаме. Би завршил со следното Господа пратеници, господа министри, па ги повикувам и судиите на Уставниот суд на Македокија, макар што не се тука, може би некој од нив гледа телевизија. Сите вие директно или индиректно во практиката го почиту-вате Уставот на Републкка Македонија. Меѓутоа, член 7 став 1 од Уставот на Република Македонија за тоа дека Република Македонија има службен јазик каде што е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо, според мене е сосема јасен и никакви други толкувања и отстапувања не допуштам. Таа одредба јасно зборува дека на територијата на целата Република службен јазик е македонскиот и него треба да го употребуваат сите органи во државата. Секое друго толкување

би претставувало злоупотреба на правото од оној што е надлежен да го толкува Уставот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Имам предупредување од тројца пратеници дека е 17,00 часот. Треба да се договориме како ќе работиме. Ни остануваат уште две точки од 41-та седница, а утре 51-та е закажана. Според тоа, алтернативите две ќе продолжиме по овие два закона вечерва да работиме, да завршиме, или утре, со тоа што 51-та седница ќе мора да ја поместиме за идната недела, а комисиите треба да работат уште за 51-та седница, бидејќи има неколку точки кои што не се завршени. Според тоа, што е предлогот? Да продолжиме да работиме или да прекинеме да работиме? (реакции од место). Значи да го донесеме овој закон па да прекинеме. Има збор господинот Џеладин Мурати.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Јас господа пратеници не се чувствувам добро што наши колеги ни одредуваат дали ќе носиме кечкња или шарени чорапи и ни определуваат права и должности кои треба да ги имаме во оваа Република, која ја нарекуваме Македонија, ја прифаќаме како таква и живееме со нив заедно, градејќи демократски систем на Македноија.

Јас поддржувам закони, амандмани, кои ја авансираат рамноправноста на сите граѓани кои живеат во Македонија. Овој закон што е на дневен ред не го прави тоа. Амандманите се рестриктивни и ретроградни. Оттука, однапред кажувам дека не ги поддржувам. Уставот ја овозможува употребата на мајчиниот јазик , но од тоа зависи како се толкува тој Устав. Либерално демократски, или рестриктивно, цивилизациски или уценувачки.

У111/8

Мојот став е дека не губи Македонија, ако личните карти се двојазични, односно ако во нив се пишува на јазикот на носителот на личната карта. Не губи Македонија ниту Македонците што ќе биде во употреба и јазикот на националностите, односно таа тука ќе добива во својата големина и во својата демократичност. Но, пред се, се залагам, Законот за личната карта да не се донесува пред донесување на Закон за локалната самоуправа и Законот за употреба на јазикот на националностите.

Јас ја сваќам потребата и желбата на Македонците да создаваат национална држава, но Македонија за жал или за среќа, не е еднонационална, туку повеќенационална. Ова е фактор за размислување за секого и секое нешто што се донесува, дали тоа се однесува на закон, одлука, препорака и слично, треба да се разгледа од овој аспект, зашто само така се обезбедува среќа , богат и хуман живот.

IX/1/ПЈ/0М

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ: (Продолжение)**

Македонија до душе ја сваќаме како едно множество кое се учи во прво одделение, а во кое множество  живеат и македонци, албанци, турци, роми, власи итн., што значи дека во тоа множество имаме многу подмножества. Ако има многу подмножества, тоа значи претставува унија на множества. Ако е таа унија на множества, тогаш станува збор за мултикултурна средина, повеќе национална средина поли национална средина итн.  што претпоставува и автоматски почитување на едни со други под полна и целосна рамноправност. А самиот факт што со пописот од 1991 година Македонија, ако не се лажам, сочинува македонци 64%, а 36% националности зборува доволно за сите тие кои се прогласуваат дека Македонија не е мултинационална средина односно не треба да се развива мултикултура. Мислам дека податоците се јасни иевидентни. Правејки напори за непосредна реализација на соживотот што произлегува од повеќенационалниот состав на Републиката, праткиката во ова меѓувреме од демократијата покажува дека без заеднички договор не се прави чекор напред туку талкаме на место. Оттука , сите законски проекти и решенија бараат и теоретски, научен и стручно аналитички и практично политичко елабурирање,  како што се прави за овој закон, во кој закон треба да се пренесува и елабурираат вредностите на заедничкиот живот. Но, да се вратиме на конкретната работа. Да научиме да живееме заедно и достоинствено. Со почитување на едни со други. Со доенсување на ваков закон каде навистина не се гледа заеднички, рамноправни, се прави грешка. А да не правиме грешки сите се залагаме и прашањето е зошто. Со грешки не се живее. Отука, нужно е да се најде формула за соживот, а тоа треба практично да се покаже и во законските проекти што се пред нас да се вградат елементите на соживотот т. е.

рамноправноста во употребата на јазикот. Јас не ги напаѓам македонците поради нивната љубов спрема минатото, поради националното чувство, поради желбата да имаат нациоанлна држава, поради патриотизмот. Но, истовремено не ги напаѓам и другите, албанците пред се кои се борат за соодветен уставно правен статус во оваа држава. наречена Македонија. Нивните барања априори се прогласуваат за националистички. Тоа е основната грешка што ја прави Македонија денес. Тоа имплицира конфронтации, неусогласености, блокади, нестабилност, недоразбирање, национални фрустракции и тн. Тоа се сфака во контекст на националното, на мојот национ, а не и на другиот со кого декларативно велиме сакаме да живееме во сожителство. Ваквото сваќање не нуди интеграција ни меѓунационална, ни културна, ни политичка ни економска. Секое сваќање дека јас имам право, а не и ти води во исклучивост. Интелектуалните движења и интектуалците, пред се од сите граѓани македонци, албанци, турци, треба да обезбедуваат интеграција, кон венгерација на мислата, погледите, опциите. Јазикот на интелктуалците е основа која треба да кореспондира со вистината. А ние сите овде се декларираме дека сме интектуалци. Не постои јазик кој би бил апсолутен јазик, тоа може да биде јазикот на оружјето. За среќа ние тоа не го сакаме. За ова сведочат и настаните во поранешната југословенска територија. Интелектуалецот и политичарот, а сите ние овде се слагаме дека сме тоа и тоа, треба фундаментално да размислуваат од една друга перспектива. Имено, како да се оствруваат трансформациите, како со напорна системска работа да се гради Европска Македонија, како да се супсти-туира заедничка, демократска рамноправна Македонија. Нациоаналната шароликост на Македонија е нејзино богатство, предност а не хендикеп и слабост. Работа е како сето тоа да се стави во функција на стабилност, на напредок и просперитет на секого како политичките констелации и односот на силите да се насочат кон доброто на сите

а да ги поттикне конструктивните, а не екстремните сили. Јас во овој контекст поставувам прашање дали времето кореспондира со нас или ние со него. Кој ги проследува неговите промени. Зарем навистина човекот денешен демократски настроен мора да претставува пропагатор на неправди јас , само јас, и никој друг, институциолизираниот македонски национализам кој е болен, опасен и психопатичен кој нуди само ескалација на лоши меѓунационални односи е против Македонија и против македонскиот народ и против сите народи кои живеат во Македонија. Јас можам по малку и да прифаќам национализам, но опасно е по Македонија било какво национализам, а посебно екстремниот кој е деструктивен. Борбата да се чува националното е света ствар, но кога таа борба го негира и го прогонува другиот тогаш е опасна. Од оваа причина другиот е должен да гради национална стратегија за одбрана на националниот и културниот идентитет, кој и така му е гарантиран со Уставот во членот 4, 8 и член 7. Впрочем, ние како пратеници тоа и го правиме само не на штета на првиот и тоа го правиме на мошне културен начин и без агресивитет. Делуваме како значаен стабилизаторски фактор и понатаму сакаме така да постапуваме. Ако вака не сме се разбрале, тогаш далеку сме од политиката и политичкото сваќање од реалноста. Македонија имаше и има шанса правилно да ги реши прашањата од интерес на сите национални колективитети. За сето тоа што ќе се случува одговорност сите ќе носиме, а можеме да бидеме и херои ако правилно мислиме и одлучуваме. Мора да сватиме дека заштитата на нашите национални права е и наша заедничка задача овде на сите. Сведетели сме дека расправата по овие судбински прашања, значајни закони е дивергентна. Од тука, ја гледам потребата од просветување и на народот на овие граѓани на кои претходните пратеници им се обратија

со молба да го почитуваат Уставот дека во Македонија е во употреба службениот јазик  македонски, никој не го негира но сакаме паралелно со тоа да се во употреба и другите јазици, албанскиот, турскиот, ромскиот и други и да проговориме со јазикот на логиката, но во куќата е продуктивна кога се разбираат и почитуваат аргументите. Овде колку што гледаме нема почитувањe на аргументи, па од тоа доведува до расправи несакани и непожелни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Ајдарага има збор.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, во врска со поднесениот амандман веднаш да кажам дека не го поддржувам, затоа што како таков уставно е неодржлив. Не сакам да дадам образложение, бидејки колегите правници од мојата парламентарна група дадоа доволно аргументи за тоа. Некој во поддршката на овој амандман рече дека ќе треба “ да запослиме” и натаму многу нови луѓе  за да го примениме  она што се  бара од наша страна. Мислам дека тука тој што говореше греши. Прво, затоа што употребува зборови кои не се македонски. Незнам зошто не го користи своето право, а ни го негира нашето право ние да го бараме тоа. Го има правото не го користи, а ни го негира на нас што го немаме.

Еден исто така меѓу последните дискутанти кого како човек го ценам за правичен рече дека на нас не ни треба фонетика. Незнам кој му го даде тоа право и се прашувам нели е тоа узурпација на правата на другите. Како ќе постапеше тој истиот ако некој тоа право му го забранеше. Сигурно дека немаше да остане нем, ќе реагираше. Исто така, меѓу последните дискутанти некој рече дека,

односно го спомна член 7 од Уставот и цитира таму алинеја 2 и 3. Спомнувајки при тоа дека станува збор за локална самоуправа. меѓутоа, изгледа дека недоволно или го заборавил Уставот за кого гласал или пак не го прочитал, па само така зборува. Таму нестанува збор за чиста локална самоуправа, туку таму станува збор за единиците на локалната самоуправа. Па му препорачувам нека го прочита членот добро за да го запознае.

На крајот, бидејки дискусиите се оддолговлекуваат ќе завршам само со една реченица, ќе кажам не правете го она на другите што не сакате да ви го чинат на вас.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Мицевски Трајан има збор.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, овде веднаш да кажам дека го поддржувам амандманот на господинот Петров, а ги отфрлам амандманите на Владата од следните причини. Сметам дека во ваквата ситуација само таквите размислувања на Владата доведоа до ваква расправа, која сега треба да се води ваква полемика и оставиле само еден тука од Владата и нека се расправаат пратениците овде и нека ги вадат врелите костење со голи раце. Затоа што не размислувајки, јас не ги оправдувам оние што бараат, оној што бара едно, ако може уште три, зошто да не земе уште едно, а оној што дели треба правилно да подели и на кој колку да му даде. А овде ми се чини се оди на тоа да се задоволи ваквата расправа, заради само да се одржи една таква коалициона

IX /6

Влада да не дојде до распаѓање, да наметнеме една ваква политика, па нека се караат овде пратениците по онаа старата поговорка скарај, па владај. Од причини велам дека претерано е со ова дали не се задоволни господата што уште треба да створи оваа македонска мала држава да им признае кога претседателот на државата на Република Македонија седи во Гостивар, слуша на својот неслужбен јазик, да го слуша на албански јазик да му се држи на јавно место митинг на албански, а тој шеф на држава на јавно место дотаму е дојдено и што уште треба оваа македонска држава... што уште какви права треба да се дадат. јас незнам што треба уште да се стори.

Владата се користи со некои изрази меѓународни, немеѓународни какви се тие меѓународни само за оваа македонска држава, а не важат за другите држави. Ако ние не исполниме некои услови ќе не казни Европската заедница, па мора да даваме. А зошто тоа не важи за Бугарија, зошто тоа не важи за Србија, зошто тоа не важи за Грција, зошто тоа не важи за Англија. За Англија, секој ден така што се бори, демократија е и секој ден во Лондон заради таа национална припаднсот, секој ден во Лондон има бомби, каде што бара Ирска да се ослободи па не му даваат.Со ова се манипулира македонскиот народ за да се занесе дека божем постои некоја друга сила и ние мораме да признаваме и да даваме се што треба и нетреба. Во Македонија, ако е Македонска држава, ние со уставноста рековме дека службен јазик е македонскиот јазик и киричичното писмо кој друг му брани дома да си зборува па и секаде. каква ли ќе стане бркотница таму зошто да се привелигира само албанскиот да се пишува, а ромскиот , турскиот, влашкиот, може и српскиот да има можеби утре некој палестинец ќе се јави и тој на палестински јазик да му се издаде лична карта. Зошто не се прашаат , јас и порано велев какви се издадени личните карти и имињата и презимињата на

македонците во Албанија. Тие немаат ништо, туку и имињата и презимињата му се водат на македонски јазик, а презимињата на албански јазик. Тоа јас го докажав со документи од Албанија каде што така се водат документите во сите службени нивни документи, а ние веќе одиме до таму што веќе и министерот за образование им дозволи сведителствата да ги пишат на чисто албански јазик, дури и имињата на градовите да се пишат на албански јазик. И што уште сега треба да се стори. Министерот дојде тука па затоа ова го велам сега. Какви се личните карти во Америка, какви се личните карти во Австралија, какви се во Германија, само споредуваме некоја Швајцарска, какви се насекаде. Дали таму неа толку нациоанлнсот и во Америка. Кој е службениот јазик. Кој е нашиот, сонародник си дојде со лична карта да пише (или на македонски јазик) од Австралија од Германија, од Америка, од Канада, и само воде демократија израсна како да е Македонија најстарата држава во светот, најцивилизирана и ете таа сега го согледа своето со демократијата и мора сешто да се прави само во Македонија сите проби тука ќе се прават.

Дали утре ќе се наметне прашањето во таа документација ние во своја држава да неможеме да се разбереме и да бараме тумач или да научиме албански јазик. Како што и од порано беше терано и ако од оваа говорница утре треба да се зборува и на албански. Значи целата кривица ја сноси само нашето раководство, нашата Влада, никој не е крив од тој што бара. Затоа треба овој Парламент да ги поддржи овие амандмани и да бидат неприфатливи Владините еднаш за секогаш ние да застанеме како држава Македонија и да се раководиме се што треба да се признае по Мегународните права што е дадено и во другите држави. Повеќе никому ништо.

Дали не се покажа со бегалците што велиме дека од Босна и Херцеговина наместо бегалци од војната, па почнаа политички

партии да створаат и да се приклучуваат кон исламот. Ете тоа ќе беше таму. Тие се причините што ќе дојде до вакви ако тоа го оствариме господине претседателе. Ове се причини од Владата што се наметнуваат дека ако ова го усвоиме вака ќе дојде до вакви расправии.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ: (Продолжение)**

Спомнато беше дека аргати сме ние тука. Јас се прашувам дали на Бит пазар има друг што ја држи црната берза. Дали во трговијата не се тие, дали имотот му е земен, дали не се најбогати, дали немаат имање, земја, фабрики, дуќани. Како може да се рече дека се аргати. Кое е тоа право сега да се рече таква работа. Господ, што велат пилето вода пие и во господ се гледа. Грев ќе ги фати таквите луѓе што покрај лебот, не туку покрај погачата побарале уште кој знае какви други колачи.

Во корист на амандманите да се престане со договарање со албанските партии за штета на македонскиот народ и за да може да се сочува оваа коалиција на влада.

Но, да завршам со тоа што го поддржувам амандманот дека иако се гледа и од тоа дека нашето раќоводство иако некаде вели поарно роб од гроб, а иститe тие велеа до вчера поарно е обратното. И со ова ми се чини се оди кон тоа Македонија да се омаловажи, да не дојде до такво признавање, а знаете дека македонскиот народ е потврд од оревот и до сега никогаш не потпаднал, времето работи и ќе се докаже сите овие тешкотии ќе бидат пребродени и ќе остане Македонија ќе биде суверена македонска држава, а во неа ќе имаат права сите малцински народи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

(Пратениците бараат да се прекине седницата)

Ке работиме дури не го завршиме овој закон.

За збор се јави Стоиле Стојков.

X/2

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Најпрвин сакам да изразам поддршка на амандманот на член 5 од Законот за личната карта поднесен од господинот Тодор Петров. Меѓутоа, ме иритира наметнувањето на тези за односи во оваа сфера т.е. во сферата на решавањето на службените документи во една Федерација. Овде беа искажани мислења дека во Бившата Федерација некои односи беа на некој начин решени. Меѓутоа, таа бивша федерација се состоеше од конститутивни субјекти составена од меѓусебно признати субјекти, т.е. конститутивни народи со свои дефинирани територии т.е. републиките беа така, меѓутоа, оваа теза овде и од ова Собрание и од конференциите за печат на поедини партии се нафрла дека албанската националност треба да добие статус на народ затоа што знаеме што носи тој статус на народ, тогаш ќе се повикаат сигурно на меѓународното јавно право.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас се извинувам господине Стојќов, меѓутоа држете се на амандманот.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Па јас колку што слушав овде изразувајќи се кон, дали го поддржуваат или не го поддржуваат овој амандман од господинот Петров, исто така многу дискутанти развија разни тези. Една од тие тези беше дека Република Мгкедонија е одамна федерализирана. Вие не бевте тогаш но таквите говорници од оваа говорница не ги споменавте, незнам зошто мене ме опоменувате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ги опоменувам сите говорници еве тројца пред вас сите ги опоменав.

X/3

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Еве потпретседателот на Собранието не го опоменавте

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Повелете продолжете.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Тезите за добивање на статус на народ една од тие тези е усвојување на ваков закон каде што на мала врата ќе се добие етапно статус на народ. Тоа е постепено признавање и негирање на македонскиот службен јазик и кириличното писмо. Во тоа е суштината, затоа тезите треба малку да ги развиеме пошироко за да на овој македонски народ му објасниме што е што.

Колку што се сеќавам, со одредбата во нашиот устав е дефиниран службениот јазик и службената употреба на кириличното писмо, без разлика што господинот Фрчковски, како главен креатор, сега го гледам го чита најновиот број на "Глас" на ВМРО-ДПМНЕ, добро е тоа, меѓутоа, би требало да обрне внимание малку што дискутираат пратениците од оваа говорница. Затоа велам опасни се тезите каде што на мала врата ќе се протури во службена употреба јазикот и писмото на националностите, говорам за службена употреба, затоа што еден ден а свесни сме дека тоа го кажаа и одредени албански раководители од Република Албанија дека Република Албанија ќе ја признае Република Македонија кога Македонија т.е. Македонскиот Парламент ќе му признае статус на народ на албанското национално малцинство. Овде се спомна ако го усвоиме текстот на законот за членот 5 како што е предложен од Владата, дека ќе имаме сожителство, што за мене е уште една теза за тоа минато братство-единство. Меѓусебните односи треба да ги градиме на еден подруг начин, а тој подруг начин е исто така да таа албанска националност придонесе малку и за делот од македонскиот

народ во Република Албанија затоа што соработката и тоа богатство што го имаме и ние и тие што го имаат да биде таков придонесе за една меѓусебна соработка. Само така го гледам тоа сожителство или како да го наречеме.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани народни пратеници, мислам дека очигледно во отсуство на доста системски закони кои треба да ги регулираат бројните прашања конкретизацијата на одделни решенија кои треба да се темелат на тие системски закони доведуваат до една ваква екстензивна расправа која во себе, како што можеме да забележиме секој дава свои толкувања и на Уставот онака како што тој ги осознава и таков пристап нуди во решенијата кои се предлагаат.

Не би навлегувал во било какви односи или третман на меѓунационалните односи или третман на националностите. Сметам дека ова прашање е непосредно врзано со одговорот на прашањето дали решението што се предлага во овој конкретен закон е во согласност со Уставот или не. Веќе некои пратеници го поставија ова конкретно прашање, меѓутоа, одговорите, како што слушнавме се движеа од тоа да нема никакво право на тој план до оценки дека се врши крајна дискриминација на националностите со тоа што не се овозможува личната карта паралелно на нивните јазици во Републиката. Лично не би се сог-ласил ни со едниот ни со другите ставови што беа изнесувани од бројни пратеници, мада не би се согласил до крај и со конкретниот амандман што Владата го предлага, веројатно е пропуст во пишувањето на самиот текст и би го замолил министерот за внатрешни работи да обрне внимание, бидејќи во членот 7 од Уставот стои дека во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото

кирилично писмо. Според тоа, личната карта не може да биде пишувана само на кирилично писмо, туку мора да биде пишувана на македонско кирилично писмо, бидејќи е ова негово, се мисли на македонско кирилично писмо затоа што мислам дека на професорот Фрчковски доволно му е познато дека кирилично писмо има и бугарско, руско, српско, украинско и други кирилични писма и дека во овој закон треба јасно да се прецизира. Верувам дека тоа е пропуст, бидејќи се претпоставува на кое кирилично писмо се мисли.

По однос на самиот понуден амандман и понуденото решение, мислам дека различни толкувања се даваат и недоволно се прави градација она што во Уставот е децидно запишано. Во Уставот никаде не се говори за рамноправност на јазиците, на рамноправност на македонскиот јазик  и јазиците на националностите. Дозволете ми да го образложам следното од следните причини, мислам градацијата што е дадена во членот 48 јасно е изразено во Уставот.

Прво, и основно се обезбедува она што говориме негување “припадниците на националностите имаат право да основаат културно-уметнички друштва и здруженија заради изразување, негување и развивање на својот идентитет”.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте од место да дофрлувате.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дозволете ми ќе објаснам само да ја завршам мислата.

Според тоа оваа држава и оваа Република што е заедничка мора да ги обезбеди сите услови за негување, изразување и развивање на идентитетот на културен,јазичен, верски, национален на сите националности. Тоа овој Устав го санкционира како право на националностите не да некој треба да им дава, туку тоа право го имаат според тоа од

никого не треба да го бараат, туку треба да се залагаат тоа да се остварува. На сите ни е заедничка обврска. Исто така да ги изразуваат негуваат идентитетот и националните особености.

Второ, за да се зајакне тоа право на националностите, Републиката им гарантира право уметнички, културен, јазичен, верски идентитет на националностите. Според тоа, оваа Република едно обезбедува максимално негување преку разни културни институции во непосредниот јавен живот сите националности слободно да ги изразуваат, негуваат, развиваат, доградуваат историски да ги оплеменуваат. Значи, да ги негуваат.

Трето, во Уставот се обезбедува слободна употреба на јазикот во јавниот живот и секаде слободно да комуницираат и да го употребуваат, да учат на својот мајчин јазик. Меѓутоа, Уставот е јасен кога говори дека во оваа држава службен јазик е македонскиот јазик. Според тоа со македонскиот јазик во службена употреба нема друг рамноправен јазик. Исклучок што се прави за сите националности оние локални заедници каде значителен дел или поголем дел во мнозинството живеат, дека таму паралелно, паралелно, ова го потенцирам, паралелно со македонскиот јазик во службена употреба е и македонскиот јазик, не албанскиот, во употреба е јазиците на националностите, не на албанскиот на националностите. Според тоа и на албанскиот и на турскиот и на ромскиот и на секој јазик кој како националност е присутен во Републиката. Едно е третманот на македонскиот јазик како службена употреба и третманот на јазиците на националностите во Републиката.

Според тоа, во службена употреба, она што говориме, е македонскиот јазик. Не може да се доведува во прашање оваа уставна одредба ниту врз таа основа да се градат некои тези за дискриминација,

омаловажување или неможност слбодно да се изразува идентитетот, културната традиција и сите особености на секоја националност во Републиката. Во таа функција се и школи и културни домови и културно-уметнички друштва и на културен, уметнички, научен и на секаков план слободно изразување на секој припадник на националностите. Мислам дека тука, не само што не треба да ги ограничуваме, туку напротив да ги збогатуваме тие можности за слободно изразување на сите овие подрачја во областа на подрачјата каде се изразуваат во сите области на општествениот живот слободно да се изразуваат националностите. Меѓутоа, уставот вели во службена употреба на целата територија е македонскиот јазик. Според тоа за мене, толкувајќи го Уставот мислам дека тешко би можело ова да се негира освен македонскиот јазик во службена употреба на целата територија само македонскиот јазик може да биде. Според тоа не може ни еден амандман за мене не е прифатлкв кој што бара паралелно присуство во службена употреба на територијата на Република Македонија, го читам Уставот, покрај македонскиот јазик и јазиците на народностите се употребуваат со исклучок само во оние локални заедници за кои како посебно се утврдува.

Според тоа, за мене е неприфатливо личната карта да биде двојазична на јазикот на македонски и јазикот на националностите од една страна, а далеку е неприфатливо едни лични карти да бидат на македонски за македонците, а други лични карти на јазиците исклучиво на националностите односно поедини националности. Тоа го нема никаде. Според тоа за мене е прифатливо и би го поддржал предлогот на Владата да покрај македонскиот јазик во заграда со тире заради изразување на идентитетот не на јазикот заради идентитетот да биде името и презимето, но не во функција на спорење на единствениот признат

службен јазик во Македонија што е македонскиот јазик по Уставот. Според тоа паралелно со македонскиот јазик друг јазик паралелно на личните карти не би можел да се применува, а да не биде во спротивност со постојниот Устав.

Тешки оптужби се изнесоа овде и за дискриминација и за непризнавање, а сето тоа беше понесено со други крајности и оценки што мислам во една смирена атмосфера до колку од аспект на тоа тоа граѓанско право изразување на идентитетот на националностите како граѓани на Републиката, мислам дека ова како решение е прифатливо и тешко и би можеле сите други амандмани да бидат основа за расправа.

(Со седницата продолжи да раководи претседателот Стојан Андов)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има уште еден пријавен за дискусија но, да се договориме како да продолжиме. Господинот Стефковски има сугестија. Ве молам се договараме како да продолжиме.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Ние мислевме пред малку падна еден интересен предлог, мислам заслужува внимание. Ако ја проследевме состојбата во салата во времето на дискусијата на господинот Киро Поповски, јасно опаѓа концентрацијата, а ова е многу важен закон. Оттука, ВМРО-ДПМНЕ исто така има амандман на кој мислиме да му посветиме многу сериозно внимание и пристап во дискусијата. Оценуваме дека во овој момент и предлагаме на Претседателството и пратениците да се прекине седницата и да ја продолжиме утре во 10,00 часот, со тоа што би се поместила 51-та седница. Треба да уважиме дека синоќа навистина работевме напорно до 22,00 часот, па барам да се произнесат пратениците

X/9

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ќе си дозволам една напомена, заморот не е заради дискусијата на господинот Поповски, тој доцна дојде, туку заради исцрпеноста до тогаш така што мислам алузијата што ја направи господинот Стефковски не е во ред. Инаку мислам дека треба да го прифатиме неговиот предлог да продолжиме утре во 10, 00 часот.

Ве молам само една работа дали е можно од сите краишта на Македонија пратениците да дојдат до 10,00 часот?

Тогаш во 11,00 часот, но да почнеме во 11,00 часот.

(Четириесет и првата седница прекина со работа во 17,45 часот).